**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Десеттото продолжение на Шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 октомври 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со Шесттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Славица Грковска, Есад Рахиќ, Јани Макрдули, Весна Бендевска, Силвана Бонева, Владимир Ѓорчев, Ристо Пенов, Роза Топузова Каревска, Андреј Жерновски, Јагнула Куновска, Горан Христовски, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Тахир Хани, Теута Арифи, Даут Реџепи, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Фјора Кадри, Абдулади Вејсели и Џеват Адеми ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за Полиција.

Има збор госпидин Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Господине Георгиевски, почитувани пратеници, почитувана Јанкуловска.

Иако сум нов пратеник јас и припаѓам на Партијата за демократски просперитет, бидејќи мојата партија минатите години беше во опозиција и гледам попатно без никаков багаж и товар да ги дадам моите политички ставови, во согласност со тоа што се расправаше овие денови во однос на овој Предлог-закон.

Сведоци сме еве две недели дека се расправа и дебатира и имаме различни ставови околу тоа што се нарекува Предлог-закон за Полиција. Имаме многу недоречености и противречности во оваа насока околу овој Предлог-закон.

Во првиот дел кога се расправаше и кога се дебатираше во однос на амандманите предложени од повеќе пратеници во ова Собрание, навистинасе јавува една негативна појава од мој аспект на гледање на работите во однос на тоа дека во Македонија можеби случајно, а можеби и неслучајно е дојден до израз еден вид на противречности, ќе нагласам за жал, политички и етнички, иако го нема тој голем одзив, но ние сме тука избраници на народот, па треба да ги имаме предвид тоа што е нешто лошо во однос на граѓаните на Република Македонија. Мислам дека оголмата одговорност ја има парламентарното мнозинство, односно Владата формирана од ова парламентарно мнозинство. Овој предложен закон од минатиот министер Џанго, сега поднесен од госпоѓица Јанкуловска, можеби случајно, а можеби и намерно се одеше според мое лично мислење со крајности на тоа што треба да се намене, неколку политички и партиски ставови околу носењето на овој закон.

Мислам дека граѓаните на Република Македонија и ние избраниците на народот во ова Собрание и за Македонија во целост требаше колку толку да се почитуваат три начела, според мое мислење.

Под еден, принципот или начелото на двојно гласање, или таканаречениот Бадентеров принцип, принципот на политички консензус меѓу парламентарното мнозинство и опозицијата и што е уште позначајно за Република Македонија, во што целосно верувам, требаше да го имаме предвид етничкиот консензус во Република Македонија. Доколку овие два посебни консензуса, политичкиот и етничкиот консензус само по себе се почитуваа, немаше да има потреба од Бадинтеровиот принцип. Кога овие два сегмента политичкиот и етничкиот би се преплетиле еден со друг, само по себе во овој дом и ова Собрание работите би течеле така како што сакаат сите граѓани на Република Македонија.

Доколку имаме еден став, или се одлучи еднострано од парламентарното мнозинство овој закон да се донесе, јас би напомнал дека ние ќе дојдеме до една состојба од 1991 година. Многу добро се сеќаваат и некои постари пратеници кои беа и актери на тој случај, носењето на Уставот на Република Македонија, каде единствената албанска партија во Република Македонија тогаш беше ПДП. Паралелно со тоа што ПДП во 1991 година со своите забелешки и укажувања, сугестии, тогашното парламентарно мнозинство, да кажам, врз етничка основа, што не сакам да спомнувам секогаш, бидејќи јас Македонија ја знам како Македонија на сите граѓани на Република Македонија, но за жал, во тоа време македонското мнозинство во Владата и позицијата го донесе Уставот на Република Македонија во 1991 година, и покрај тоа кога ПДП им укажа на пратениците, на избраниците на народот во ова Собрание дека овој Устав ќе прозиведе една политичка долгорочна криза. Не поминаа 10 години сведоци сме на 2001 година. Како резултат на таа политичка криза од самиот Устав, кој Устав не беше поддржан од пратениците на ПДП, или од единствената албанска партија во тоа време, изби тоа што воопшто не ни требаше, значи конфликт во 2001 година. Некои го нарекуваат мал конфликт, но јас би рекол дека и во мали зразмери беше еден меѓуетнички конфликт.

Јас апелирам до сите политички структури во Собранието и надвор од Собранието, до претставниците на Владата и до парламентарното мнозинство, забелешките укажани околу овој Предлог-закон за Полицијата, ќе спомнам неколку сегменти и членови, кои нема да ги кажувам член по член, но ќе ги кажам во целина, како на пример по областа на овластувањата на Полицијата, околу поднесување на претставките до соодветните

полициски органи, ограничување и давање информации на државните органи, формирањето на секторите за внатрешни работи во урбани подрачја, назначувањето и разрешувањето на началниците и командирите на полициските станици, формирањето на регионални центри за гранични работи, приведувањето на граѓаните, во кои се сомневаат органите, околу прибирањето на информации за граѓаните во полициска станица, приведувањето осомничени лица, задржување во притвор, што се предвидува со овој закон од 12 часа, аудиовизуелното снимање, според мене во наводници, да се известат граѓаните околу употребата на јазикот на немнозинските заедници. Околу овие прашања ќе дадам неколку мои забелешки и укажувања.

Во законот, не е предвидено на пример во областа на овластувањето на полицијата, полицаецот или припадникот на полицијата, или некоја полициска агенција до каде се неговите овластувања. Во законот прецизно не е предвидена оваа работа. Често пати, имаме разни случаи преку средствата за јавно информирање, имаме случаи каде на пример полицаецот ја злоупотребил својата позиција како полицаец. Сведоци сме дека никогаш Министерството за внатрешни работи, можеби тоа е политика на ова Министерство и на минатите министерства, за случаите на прекршување на своите овластувања од припадниците на полицијата. Никогаш јавноста не беше информирана за мерките преземени од страна на сектор за внатрешна контрола во МВР. Неслучајно го нагласувам ова, бидејќи доколку беше добро дизајнирано сигурно дека забелешки околу овој член или овој дел од Предллог-законот за Полиција немаше да има. Можеби во иднина ќе се уреди и со подзаконски акти. Често пати на пример граѓаните кои намерно или ненамерно биле повикани на информативни разговори или приведени за кратко време поради некој сомнеж, сме имале случај кога на пример граѓанинот на Република Македонија, кога велам граѓанин на Република Македонија, јас имам свои забелешки, без оглед на нивната етничка припадност. Некогаш можеби е злоупотребено и е задржан повеќе и во овој Предлог-закон се предвидува граѓанинот да поднесе претставка, или еден вид на жалба до МВР, во конкретниов случај се предвидува до Полицијата. Сме имале такви случаи кога подносителот на преставката до Полицијата или МВР, можеби таа преставка била директно упатена до раката на тој кој го има направено тоа дело или пречекорување или го има злоуптребено овластувањето. Овде не се споменува во кој дел и во кој орган е поднесена претставката од страна на граѓанинот. Значи тој граѓанин на директен или индиректен начин да биде заштитен случајно од самиот припадник на Полицијата кој ја има злоупотребено својата позиција и овластувањето во некој конкретен случај.

Во еден член во овој Предлог-закон се предвидува давање информации на државните органи. До државните органи, ова е широка дефиниција и овде не можам да увидам на кои органи Полицијата или МВР може да им даде информации од страна на Полицијата. Но никако, што е многу симптоматично, овде не се предвидува во овој закон за Полиција дека информации треба да му се дадат на Јваниот обвинител, до судот, или што е уште поглавно и до Народниот правобранител. Бидејќи овде не се предвидува, тогаш често пати на пример, можеме да дојдеме до злоупотреби на Полицијата за недавање информации на овие три важни институции до Јавното обвинителство, до судот и до Народниот правобранител. Можеме да дојдеме до некоја конфузност, бидејќи Јавниот обвинител дали ќе покерене обвинителен акт кон некој или судот ќе го има предвид како што треба од изворите од Полицијата и Народниот правобранител како ќе го штити, доколку некој граѓанин биде малтретиран од страна на Полицијата.

Јас се согласувам со тоа дека треба да се формира на пример сектор за внатрешни работи како што беше предложен во овој Предлог-закон за Полиција во урбаните подрачја. Но треба да имаме предвид и некои други работи. На пример, ние имаме рурални подрачја, или неурбани подрачја, говорам за општини каде еден голем број на жители живеат во тие подрачја. Јас не сум експерт, ниту сум правник од оваа огласт, но јас мислам дека кога ќе споредам неколку места кога ги распрделуваа овие сектори, а јас сум од изборната единица 2-Липково каде има над 30 ијади жители. Ова го земам за пример. Можеби грешам бидејќи имаме пратеник од Липково, можеби тој ќе ме поправи во однос на бројот на жителите или ќе ги даде своите сугестии, но јас мислам за поголем опфат на подрачјето на Република Македонија треба дфа се концентрираат што повеќе сектори во рурални места. Јас го земав како пример Липково, но може да има и други ерста од Источма или Јужна Македонија, или од западниот дел. За назначувањето и разрешувањето на началниците и командирите на полициски станици е спомнато дека на транспарентен начин се врши сето тоа.Овој поим транспарентност во минатото, пред една недела, можеби е експлоатиран прекумерно. Но навистина, можеби зборот транспарентност дали ќе биде итерна транспарентност или јавна ќе биде транспарентноста во назначувањето и разрешувањето од страна на министерот на началниците и командирите на Полицијата ќе биде еден голем знак прашалник. Како ќе се оствари ова, ќе видима во иднина.

Треба да говорам во однос на оваа точка уште малку. Законот за децентрализација е донесен. Често пати во јавноста како граѓанин, како обичен граѓанин, пред извесно време се велеше дека градоначалниците и општините ќе имаат големи ингеренции, недлежности за насначување на

командирите и началниците. Но, колку што можам да видам со овој Предлог-закон се прави една централизација од централната власт, односно од МВР од самиот минисер во однос на назначувањето и разрешувањето, непочитувајќи го ставот и волјата на општинските советки и градоначалниците, таму каде ќе се назначат, или каде ќе бидат разрешени началниците и командирите на полициските станици.

Околу формирањето на регионални центри за гранични работи доста говоревме. Но околу овие прашања госпоѓица Јанкуловска, на пример, не се произнесе за тоа кога велиме регионален центар за гранични работи каде во западниот дел на државата е опфатен еден град кој можеби малку гравитира кон Запад. Поточно тој град се наоѓа во Југозападна Македонија. Се работи за градот Охрид. Тоа не е град кој е во Западна Македонија.

Овде има два елементи, или се говори за политички елемент, сигурно и за етничкиот елемент. Взаемната доверба, меѓусебната доверба на граѓаните на Република Македонија и припадниците на полицијата треба да се практикува и на самиот терен. Имено, имаме низа градови во западниот дел на Македонија, а меѓу нив да немаме еден кој ќе биде седиште на регионалниот центар за гранични работи, мислам дека е еден голем грев и голема политичка одговорност. Доколку се воспостави еден регионален центар во западниот дел на Македонија, без оглед во кој град да е во западниот дел на Македонија, сите индикации, контрадикции на политичките противници, околу оваа теза, ќе паднеа во вода. Но, ова не го видоа попатно ниту претставникот на Министерството за внатрешни работи, ниту парламентарното мнозинство, да интервенираат со некој амандман во однос на ова прашање.

Во еден дел од законот се предвидува приведување на граѓаните поради некој сомнеж. Во делот на овој закон се предвидува дека полицијата има должност да му се обрати на јазикот кој го говори тој граѓанин. Во ред би било доколку се говори за западниот дел на Република Македонија каде граѓанинот и полицијата, сигурно ќе биде мешана полиција, иако не се предвидува со овој Предлог-закон мешани и мулитиетнички патроли. Но доколку некој граѓанин кој не е од мнозинскиот народ во Република Македонија, а се движи во источниот дел на Република Македонија и се приведе поради некој сомнеж, тогаш припадниците на полицијата во источниот дел на Република Македонија, на кој јазик ќе му се обратат на тој граѓанин? Ние од праксата знаеме, бидејќи во еден дел од територијата на Република Македонија немаме припадници на другите етникуми, нема потреба да има и мешани патроли. Тогаш тој полицаец на овој граѓанин како ќе му се обрати на неговиот мајчин јазик кога не го познава јазикот на таа заедница. Значи, и овде има една забелешка во однос на ова прашање.

Околу прибирањето на информации од граѓанинот, се повикува граѓанинот на информативен разговор. Како ќе се повика, дали тоа ќе го направи доброволно, или полицијата ќе отиде во 6,00 часот да го приведе, тука не навлегувам во тоа прашање, но, не се предвидува, на пример, граѓанинот откако ќе го изврши информативниот разговор со припадникот на полицијата, ќе му се даде некој документ за направениот разговор, за темата на разговорот, за времето на неговото пристигање, содржината на разговорот, неговиот престој на информативниот разговор и моментот на неговото оддалечување од полициската станица.

Во Предлог-законот исто така се предвидува, во текот на приведувањето или задржувањето на некој сторител на кривично дело или осомничен граѓанин. Овде во законот не забележав за кои кривични дела може граѓанинот да се приведе или да се задржи во полициска станица. Значи, и овде имаме неколку недоречености каде навистина, не дека се сомневам, туку во самиот закон да нема неколку содржински елементи за работите да бидат појасни, па така честопати адвокатите ја спомнуваат реченицата - дупки во законот, или недоречености во законот, или недефинирање на некои членови во законот. Така тој ќе дојде и осомничениот ќе го ослободи од притвор.

За други случаи, доколку некој е осомничен и се констатира дека осомничениот не бил тој кој го сторил тоа дело, според законот се предвидува да се задржи во полициска станица до 12,00 часот. Можеби според некои забелешки и сугестии дадени од ОБСЕ кога имаше една сугестија, осомничениот да се задржи не повеќе од три часа.

Исто така доста расправавме и околу аудиовизуелното снимање каде според Предлог-законот се вели - може да се информираат граѓаните за еден одреден терен, за да се направи снимањето. Додека пак од забелешките на ОБСЕ се предвидува и се вели, треба, а не може. Значи полицијата е должна да го направи тоа. Значи според сугестиите на ОБСЕ, полицијата е должна да ги извести тие граѓани, или некои граѓани. Со дефинирањето на ова, дали е потребно или не е, дали е облигационо или не е, полицијата да ги извести граѓаните во текот на аудиовизуелното снимање на одредена територија. Често пати сме снимале злоупотреби од страна на полициските органи, како во минатото така и после 1990 година, со изговор дека се прави снимање на некои спортски, културни настани, а можеби е снимено нешто што граѓаните на тоа подрачје воопшто не го предвиделе, што значи дека може да имаме снимање и прислушкување на некои работи кои не ги засегаат граѓаните, а се говори за интимни семејни работи. Второ, снимање или прислушкување на дипломатските претставништва во Република Македонија. И тоа

е една забелешка која треба да го има предвид Министерството.

Јас во овој Предлог-закон не забележав, или можеби само на едно или две места, каде се говори за употребата на јазикот на немнозинските заедници односно каде се говори за употребата на албанскиот јазик, бидејќи се говори за заедница која е над 20% во Република Македонија. Значи, не се споменува во кои сегменти и области може да се употребува албанскиот јазик во меѓуполициска комуникација, комуникација меѓу полиција и граѓани, но исто така и од страна на граѓаните до полицијата, а да не говорам и за комуникацијата со општината односно локалната самоуправа со полицискиот орган.

Мислам дека овој закон е еден сегмент на антагонизми, од една страна на парламентарното мнозинство и од друга страна на самата опозиција, а произведува еден вид алергија помеѓу позицијата и опозицијата. Ова не смее да се дозволи, бидејќи тоа е еден закон кој треба да го донесе овој Парламент. Ние како претставници на народот имаме должност и обврска да носиме многу закони, но никако не смее парламентарното мнозинство да искаже една некохезија во овој парламентарен дом, бидејќи Република Македонија во иднина ја чекаат евроатлантски интеграции. Се додека ние овде на еден начин водиме меѓусебен инает, опозицијата од една страна, позицијата од друга страна и ние искажуваме една негативна слика, не само за македонската јавност и граѓаните, туку исто така и за меѓународната заедница, и се создава впечаток дека во Парламентот на Република Македонија нешто не е во ред. Обврска, приоритетна обврска на парламентарното мнозинство е да ни понуди да има компромис меѓу опозицијата и позицијата. Верувајте ми дека коалицијата ДУИ-ПДП на ниту еден начин во ова Собрание, не сме размислиле да го нарушиме тоа што значи парламентарна демократија, туку ние сме за тоа да ја поттикнеме демократијата, да го поттикнеме дијалогот, меѓупартискиот и меѓуполитичкиот дијалог.

Во однос на овие мои забелешки, укажувања, сугестии, исто така и на парламентарната група ДУИ-ПДП, ако не се прифатат и почитуваат од страна на Владата и соодветното министерство, јас имам едно јавно прашање, што мислите, како ќе реагира Европската унија, визија ни е самата Европска унија, идеал ни е Европската унија. Доколку ние мислиме и натаму да останеме на Балканот, тогаш во ред. Непочитувањата на нашите забелешки и укажувања, од страна на ОБСЕ ќе се оспори кредибилитетот на Собранието, Владата и воопшто на Република Македонија. Ние имаме должност и обврска пред нашите граѓани, имаме обврска пред нашите избирачи, пред се, имаме обврска во однос на државата Република Македонија, оваа држава, како што ни доликува и како што треба да ја интегрираме, да ја водиме во правиот пат, вистинскиот пат, во тоа што се вика европска интеграција и НАТО интеграција, бидејќи некој некого го обвинува за 1991 година, некој некого го обвинуваше во текот на цела деценија 1990-2000 година за грешките во минатото. Ние како пратеници во ова парламентарно Собрание не смееме тие грешки направени во минатото, да ги повториме и сега. Ние имаме обврска грешките и непочитувањето на секоја етничка група, непочитувањето на секој граѓанин на Република Македонија, да не го водиме на погрешен пат, пат во неповрат, бидејќи погрешниот пат е во неповратен пат кон кој не одат само граѓаните, туку и целата држава.

Јас би апелирал сите мои забелешки да се имаат предвид, да се интервенира на време и да се подобри овој Предлог-закон, бидејќи моето и нашите излагања, излагањата од опозицијата не смее никој на ниту еден начин да ги сфати како дебата или расправа што оди во погрешна насока, насока со која Република Македонија ја оставаме на Балканот, а не во Европа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Фазли Велиу.

**Фазли Велиу:** Почитуван господине претседател, почитувани пратеници, госпоѓа министер,

Сакам да се надоврзам на оваа тема која според мислењето на некои, премногу се одолговлече, посебно од наша страна, додека според нечие друго мислење не е доволно кажано, а според мојот личен став е дека со нашето колективно дејствување во една земја која е трета во Европа, меѓутоа и во светот по тоа што е мултиетничка земја, за да го дадам мојот придонес и придонесот на коалицијата ДУИ-ПДП, за да се излезе од оваа многу тешка ситуација која бара посебен третман, посебно помагајќи и на госпоѓата министер која според мое мислење е осамена, непридружена од страна на сегашната влада. Истовремено таа е диригирана, можеби од премиерот,да делува на тој начин.

Уште на почетокот сакам да кажам дека ние во оваа ситуација се сметаме како опозиција, меѓутоа ние самите себеси се нарекуваме позиција, затоа што ние победивме со мнозинство гласови од албанскиот народ, на минатите избори. Без оглед на овој статус што го имаме ние сега, кој е нереален статус, ние ќе го дадеме нашиот придонес, што се однесува до овој Нацрт-закон, меѓутоа и на другите закони кои ќе следат, затоа што ние сме избрани од народот и заради тоа ја имаме и почитта, а истовремено и обврската да излеземе во пресрет на тој народ.

Второ, ние се наоѓаме во тешка ситуација која ситуација го става во многу тешка ситуација и самиот претседател на Собранието, затоа што, еве ние сега дејствуваме во два табори, табор на опозиција и табор на албанска позиција и табор на македонска опозиција и табор на македонска позиција, а така и кај другите, затоа што сме

имале различни концепти и пристапи од ситуацијата во која сме денес. Ние сме од времето кое направи големи промени во 2002 година, донесувајќи го изменетиот Устав во државата. Тие што се избрани во власта сега тие се спротивставуваат на ова истото, а истовремено се спротивставуваат и на Рамковниот договор. Се поставува прашање како може да направат нешто без нас, кога се знае дека ние сносиме голема одговорност за Уставот од 2002 година, истовремено и за потполно исполнување на Охридскиот договор и на сите права кои припаѓаат на граѓаните на оваа земја.

Второ, се почна многу остро, посебно од страна на албанската позиција. Наместо да седнеме и да најдеме начин кој би бил ефикасен начин на дејствување во оваа ситуација.

Истовремено од страна на опозицијата, поранешната коалиција, ние не наидуваме на една потребна поддршка која што би била можна за да се има влијание и од иституционална страна за поднесување на закони во текот на минатите 4 години и на нивното заостанување посебно во сегментот на Министерството за одбрана за да се даде потребниот придонес во оваа тешка ситуација. Ми се чини дека во ова Собрание ние се гледаме како да сме странци. Без оглед какво минато имаме ние и за ова наше минато на сите нас, луѓето кои што ги разгледуваат нашите предмети и тие се студираат од нас и од надвор, тоа се државни норми кои што се одржливи и пред востанието во 2001 година, затоа што оваа држава на крајот од краиштата не се растури и овој народ на крајот на краиштата не влезе во една тотална војна, туку делумна војна. И мислиме дека имаме заедничка одговорност да им објасниме на сите граѓани домашни и странски, дека ние сме сите домашни и дека ние одлучуваме за прашањата на народот. Тука и другите кои што ни помагаат од надвор во оваа ситуација треба да ја очекуваат нашата реципрочна помош на нашите идни кадри кои што се од сите националности, кои што се способни и кои што доаѓаат од 2, или 3 универзитети од македонскиот дел, или 2, или 3 од албанскиот дел. За да им се одолжиме на оние во Европа и во светот со нашата добрина, со нашите квалитети и за да се одолжиме и од економскиот дел, затоа што нашата земја тука е многу богата и има традиција на работа. Ние што бевме на власт значи, на почетокот бевме неоправдани за тоа, не без наша вина. Лека полека ние влијаевме и на моралниот аспект пошироките маси да се приспособат на домашните закони. На крајот на краиштата да ја прифата полицијата во секој дел од земјата, не само во Струмица, туку и во Липково и во сите делови. И ова го направивме коректно во определени утврдени рокови, лека полека го приближивме полицаецот кој што можеше да биде во улогата на заштитник, меѓутоа истовремено и граѓаните да се приближат и да ги уживаат правата кои што им припаѓаат. Заради сите граѓани кои што имаа големо трпение и сите тие што жртвуваа во текот на многу периоди и кои што беа со нас и сите тие што беа оправдано со нас, ние успеавме тоа да го надживееме и земјата да не се растури. Денешната власт која што има традиционална коалиција како што често пати се нагласува со сите оние кои што се од албанскиот дел оваа коалиција треба да биде пообразложена, пооправдана и да биде таа која што нема да создаде тенденција за нерегуларности, нарушувања и противречности. Мислам дека сите се доста зрели, исто времено тука се сите генерации кои што увиделе дека поинаку не оди во една мултиетичка држава. И ќе нагласам уште еднаш, значи трета земја во Европа после Швајцарија, Белгија кои што ги направија првите чекори кон една демократија и институционална систематизација да се постави ред во една земја да биде како што треба, почнувајќи од искуството, од личното искуство на тогашниот прв парламентарец Андов и до другите, до денешниот Георгиевски, дека во една мултиетничка држава само придонесувајќи заеднички и реализирајќи ги сите права кои што им припаѓаат тука на народите и на луѓето може да се живее и може да се обнови, или да се подобри заедичкиот дом и заедничката институција. Како што изгледа една практика на владеење во полицијата, една класична практика на дејствување без почитување на нормите кои што секогаш му служат на граѓанинот во животот, тоа е основанта причина која што често пати не води во многу тешки ситуации. Не е улогата на полицијата и на Минстерството за внатрешни работи да биде владетел на граѓаните, туку да биде во улогата на спроведувањето на законите и на почитувањето на законите. Истовремено со овој Предлог закон доколку не се разгледа повторно и доколку не се надополни, или поправи, сегашната Влада се враќа на минатото, минатото кога ние имавме дискриминација за која што несакам да кажам тежок збор, меѓутоа дискриминација која што беше неоправдана и владеење на поголемиот кон помалиот кое што владеење не траеше колку што требаше. Значи, ниту во времето на големите ветувања на Тито и на неговите следбеници и на другите во земјата. Значи, тој закон не се одржа и таа форма на владеење не се одржа и со присилбата што се направи во многу земји од која што присилба и насилство страдаа многу граѓани од оваа земја. Определбата за заедничка држава е заедничка определба на сите граѓани е и од оние кои што не гласале нас. Насекаде сме кажале дека ние градиме заеднички дом, меѓутоа во заедничкиот дом сите сме заеднички одворни од темелот до кровот. Ние истовремено сме ја брането оваа земја и сите тие што ќе настојуваат да го нарушат ова место, тие ќе си ја сносат својата одговорност. Доколку се мисли да се делува како што делувале поранешните влади и истовремено во минатото, а истовремено да не се направи едно настојување на големи преврати за да можеме и ние од оваа земја да им помогнеме на

соседните земји, посебно на земјите кои што сеуште не се на пат на потполна демократија, земји кои што сеуште имаат нерегулирани меѓународни и домашни процеси, тогаш ние само сме направиле една демагошка форма на дејствување. Порано, или подоцна се размислувало дека две земји во почетокот на нивното формирање, значи Словенија и Македонија се на пат за создавање на една вистинска демократија и на поставување на вистински ред за своите граѓани. Мислам дека овој факт во последно време се настојува да прави чекори наназад и затоа ние повикуваме процесите од 2002 година со Уставот од оваа година да влијаат и врз Министерство за внатрешни работи и во сите структури на ова Министерство на начин ние да воведеме ред и норми во земјата и норми кои што би биле подржани од меѓународниот фактор, значи норми во перспективата и демократијата и во сеопфатното и долгорочно дејствување и живеење на народите во земјата. Доколку се продолжи на овој начин законите кои што се поднесени тука, членовите во законите и истовремено и исправките што се поднесуваат со амандманите и доколку не се усвојуваат истите, тогаш треба да знаеме дека може да ги одолжиме уште повеќе дискусиите и можат да заостанат многу работи назад. И можеби нашите граѓани веќе нема ни да не слушаат ниту во Собранието, ниту било каде, туку ќе си ја гледаат својата приватна работа. Ние истовремено имаме една горка практика од минатото, меѓутоа и од сегашноста, затоа што таму имаат тутори и министрите и замениците на министрите. Тие чекаат преку телефонски јавувања да делуваат вака, или онака. Доколку е вака, тогаш улогата на министерот или на заменик минстерот не е негова вистинска улога, туку е улогата на премиерот таа што е вистинска. И тогаш, премиерот нека делува за сите и да не ги остава на раскрсница луѓето кои што самиот ги определил, ги именувал. Доколку не влезат во сила едукативните норми, посебно едукативните норми овде во земјата за подигнување на нови кадри, за подигнување на нови кадри во сочувувањето на редот, доверливи кадри, кадри кои што не се затруени од горките чувства на национализмот, тероризмот, или на другите лоши работи, тогаш ние нема да имаме излез од оваа ситуација. Такви кадри имаме, такви едукатори и воспитувачи имаме. Ние мислиме дека можеме да излеземе од оваа ситуација заедно и да не одиме кон формата на лошото однесување, или лошо однесување на повредување, или не спроведување на една здрава едукација, или здраво воспитание кое што може да го стави под сенка полицаецот и луѓето нема да се плашат да дејствуваат како што треба во определените моменти, туку ќе го чуваат својот дом, ќе ја чуваат својата улица, градот, или земјата, што на крајот на краиштата значи сите граѓани сакаат да го нарекуваат и го нарекуваат Македонија. Сите членови нема да ги спомнам затоа што се веќе споманти. Членот 2, мислам дека треба да има потребни дополнувања, затоа што таму уште на почетокот се спомнува дека полициски службеник е овластен службеник и прдолжува. Исто така и униформиран и неуниформиран припадник. Доколку нема потребни дополненија за луѓето кои што се неуниформирани да се нагласи кои се и какви наделжности имаат истите, ќе произлезе дека тие што се неуниформирани ќе имаат повисоки обврски, или задачи отколку самите униформирани полицајци кои што на крајот на краиштата го бранат објектот, граѓанинот, земјата итн. Меѓутоа, кога се говори за униформата, тука ми се допаѓа, истовремено ги подржувам сите досегашни дискутанти, дека униформата треба да претрпи големи реформи. Значи, не може да биде истата униформа која што била пред неколку години и децении, која што униформа била злоупотребувана од поединци, меѓутоа и од институции и ги заплашувала самите граѓани на земјата. Затоа треба да има модификација врз основа на домашните и странските норми, униформата и амблемот и ознаката да имаат една блиска боја за граѓанинот, а не некоја боја на страв и плашање на граѓанинот. Значи, бараме оваа униформа да се промени, се разбира со униформа чиј што амблем би бил тројазичен и да ги покаже на некој начин сите националности што живеат тука, да биде прифатлив амблем, или знак за сите и се разбира дека треба да се употреби македонскиот, албанскиот јазик. Исто така, третиот јазик би бил јазикот за кој што би одлучил самото Собрание. Значи, доколку се одлучи за странски јазик кој што е покомуникативен како што е на пример англискиот.

Член 4 има противречности со Деловникот на самото Министерство, значи со Правилникот внатре во Министерството и во подрачните и во регионите и граничните точки кои што се во земјата.

Членот 5 треба да се разгледа целосно, затоа што според нас има големи празнини. Јас кажав неколку од сегментите на кои што треба да се концентрираме сите ние. Прво, досега гледаме регрес во една земја, значи од аспект на авансирање, унапредување на администрација која што беше заостаната и ние од овој аспект повеќе употребуваме странски јазик како што е на пример англискиот, францускиот, германскиот, шпанскиот, италијанскиот, отколку нашите домашни јазици. Значи, од една страна да не се користи и употребува албанскиот јазик, додека пак на почетокот на 2002 - 2003 година ние ги направивме првите чекори за да го употребуваме јазикот, значи од првиот збор од добро утро, до последниот збор, добро вечер и да приспособиме една хармонија за сите нас, секако употребувајќи ги и меѓународните јазици за меѓународна комуникација. Еднострананоста, значи е начинот на застапување на сите националности во земјата. Значи, оваа едностарност се гледа уште сега во последните денови на донесување на овој закон,

значи на многу места се вработуваат луѓе без критериуми, луѓе кои што имаат привилегии од минатото и сегашноста без да се направи правичната и соодветна застапеност на националностите. Трето, тоа е неупотребата на вториот јазик, на албанскиот јазик како во администрацијата така и при секојдневната употреба. Четврто, е неупотребата соодветна и ненастојувањето на променување на униформите, како што реков униформи кои што треба да бидат многу блиски до сите граѓани. Значи неспроведувањето на законите во сите места, посебно после напредокот во 2002 година, значи со Уставот на земјата, ненормалното комуницирање меѓу персоналот во полицијата и Министерство за внатрешни работи, дури имаме и случаи луѓето остануваат како кукли на некој начин без комуницирање и нормално притоа да делуваат погрешно. Ова е посебно во руалните места и региони, меѓутоа и во општините. Неделувањето кое што е потребно во граничните зони каде што е силно нагласено чувството и каде што истовремено се судираат многу настојувања за илегален влез и излез, непрактикувањето на специфичен начин на делувања при ургентни делувања посебно во Скопје каде што имаме метропола и каде што секој треба да си го знае своето место и да се знае кога некој прави криминален акт, во самите општини и во Скопје како центар на земјата и метропола, значи нема комуникација. Да ги спомнеме и другите места кои што се оставени како дискриминирани врз основа на приемот на потребните кадри. Во Тетово имаме случаи долго време, сега во последно време незнам колку полициски станици ќе има, меѓутоа долго време имамло само две полициски станици кога се знае дека имаме 300 илјади жители и не може да се постигне да се изврши потребната контрола и интервенирање таму. Додека како втор случја во Штип каде што имаме над 200 илјади жители да има над 7 полициски станици и да бидат модернизирани и ефикасни. Ова го велам поради многу причини. Затоа што на страната на Западна Македонија имаме развој на патен сообраќај кој што оди од Белград до Рим и го носи и доброто и злото во државата и потребна е една силна контрола и спесифична систематизација на модерно делување како што е на Запад на начин да немаме тешки прекршоци, истовремено и најголемата, најтешката болест на векот како што е продорот на дрогата и другите зла. Додека сум тука, сакам да нагласам уште нешто за тоа што со факти се докажува дека земјите кои што се на оваа страна кои што имаа влијание од Рим и Белград оставени се на своја милост без некоја надзорна институција која што би се занимавала не со оние кои што го имаат злото во рака, меѓутоа тие, со тие кои што тоа зло им го носат ним во рака. Јас знам многу случаи за кои што слободно можам да кажам дека главните актери на лошите влијанија остануваат надвор од затворите додека тие кои што ќе ги фатат за некоја мала работа на дело тие ќе одат во затвор. Значи ова се прави затоа што интервенцијата се врши од горе. И ова се врши затоа што има корупција и слободно можам да кажам ова се прави затоа што подршката е и политичка во случај на економска добивка.

Полициската интервенција, иако ова не е моја област, сепак сум длабоко заинтересиран да направам споредба со оние интервенции кои се во Швајцарија, Германија, Австрија и секаде и интервенциите тука. Истовремено тие се осветољубиви, затоа што во земјите и во местата каде што се оди, често пати страдаат младите, местото не е изолирано колку што е потребно и повторно се врши дејството како во филмовите. Главните актери остануваат живи, додека другите, споредните актери страдаат и биваат убиени. Такви случаи сме имале и во околината на Гостивар и секаде.

Истовремено, додека се говори за снимањето сакам да спомнам еден случај кој што бил блиску до една нова трагедија меѓу нашето население, значи населението од албанската страна и од другата страна, исто така, значи македонската од страна на Кичево, кога се правеше снимањето на пештерата. Кон крајот, на 55 метри имаше еден Македонец, Албанец и Бугарин и кога сниомателот влезе и ги туркаше самите припадници на семејството, за да создадат конфликти, и тие кои одлучиле да снимаат немаат потребна безбедност и кај граѓаните, доколку не беше присутна ПРОКСИМА, на тоа место ќе се случеше трагедија, место кое е сеуште енигматско за овој случај. Има и други случаи кога на самите тие што одат и снимаат нарачано им е да направат разни инсценирања и филмови за да потоа се дезориентира ефикасниот начин кон еден неефикасен начин и за да се стават во затвори, како што реков на почетокот, невини луѓе, а потоа тие вистински виновните да излезат слободни. Од практиката во минатото имам и други факти, кои сум ги нашол заради маката што сум ја имал. Во семејствата каде што имало такви случаи е и мојот брат, па за да ги најдам актерите кои што се потпишале за братоубиствени дејствија, за братоубиствени дејствија меѓу Македонците, меѓу Албанците и истовремено меѓуетничко убивање меѓу нив, покривајќи го вистинскиот криминал со една бела хартија.

Не е лесна работа да се изготви еден таков закон. Некои мислат дека ние сме им го одзеле времето, меѓутоа, ние не сме им одзеле многу време заради тоа што само за една буква “ф” во Парламентот во Германија се разговараше два дена и се донесе одлука дали да биде латинско “ф” или од грчката азбука, телефонот да се напише со латинско “ф” или со грчко, донесена е одлука да се употреби буквата “ф” од латиничното писмо. Затоа, и ние кои го направивме овој напор овие денови на разни начини, ние не ги надминавме нормите надвор од законите во државата, напротив, сме ги освестиле собраниските претставници и сите тие што се

занимаваат со овие работи дека треба правилно и добро да пристапат кон предметот кој се третира тука, затоа што ова ќе биде во прилог на сите граѓани и на сите оние кои живеат тука и делуваат во оваа највисока институција во земјата. Наше убедување е дека треба да се направи воспитување и едукација, а не присилба, наше мислење и убедување е дека треба да делува институцијата, а не полицаецот, затоа што полицаецот е само сенка на институцијата. Наше убедување е дека униформата ќе биде поблиску кога ќе биде поблиску самата институција до народот и нашето убедување на крај е дека ние треба да имаме закон за граѓаните, а не закон за државата, затоа што за државата вие добро знаете што претрпуваат новинарите доколку одлучат некој човек на некој начин да го оцрнат во своите весници и врз основа на некој закон каков што е овој сегашниов во служба на едно лице, во служба на државата, која држава може да ги користи сите форми на дејствување, меѓутоа, не и формите на дејствување на оправданоста и на воспитанието.

Ќе завршам со овој мој говор повикувајќи ве сите да дадете свој придонес, да ги дадете своите исправки и поправки, неможното да го направиме можно доколку сакаме да живееме и да градиме мултиетничка земја и да имаме заеднички дом тука, дом за кој сме дале и пот и напор и жртви сите ние. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика за пратеникот Цветко Грозданов.

Повелете три минути реплика.

**Цветко Грозданов:** Благодарам господине претседател,

Почитувани пратеници, после долгите дискусии од страна на пратениците од ДУИ не можеме ништо друго да заклучиме туку дека сите тие само ги прочитуваат членовите кои се од законот и ги коментираат, со тоа што само ги извитоперуваат зборовите и го одолговлекуваат донесувањето на овој значаен закон, закон кој што е во интерес на сите нас, во интерес на Република Македонија, па оттука би сакал да напомнам или да укажам дека со ваквиот начин на дискусии кои ги даваат припадниците на политичката партија ДУИ само се гледа дека во нивните искажувања имаат одреден страв или доза на страв со кој што сакаат да го закочат или забават донесувањето на законот, а исто така и да го закочат или забават она што Владата на Република Македонија во овие периоди го имаше зацртано како донесување по програмата.

Ќе напоменам едно дека Владата на Република Македонија, без разлика дали овој закон ќе го донесеме за еден, два, три или повеќе денови, своите активности понатаму ги спроведува, така што господа пратеници од ДУИ, и вие самите кажувате дека ќе бидете заедно со опозицијата, ќе бидете конструктивна опозиција, од вашите излагања не видовме ништо што е значајно, ништо што би дало некои видувања зошто овој закон е неприфатлив. Ќе напомнам само дека дадовте 60 амандмани во кои почнавте со - ова го кажувам заради македонската јавност - почнавте со нула стаж, а завршивте со 30 години работно искуство или стаж во полицијата. Секогаш се враќавте само на тоа дека е неприфатливо само ова што е предложено од страна на Владата. Тоа е она што би сакал да го апелирам, дека конструктивноста и работењето во овој Парламент не е тоа вие да го одолговлекувате само донесувањето на овој закон, туку дајте ги вашите размислувања, дајте ги вашите видувања, дајте го тоа до министерот за внатрешни работи, па нели е кажано дека и во периодот што доаѓа ќе има можности и овој закон, иако сметаме дека е доста добар и ефиксен, да го направиме уште поефикасен.

Би апелирал господине претседател, во наредните јавувања на претставниците од партијата ДУИ да не ги ословуваат министрите со име и презиме, затоа што тие се министри на Република Македонија, а да не ги претставуваат екс министрите со нивните прекари. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јавија пратениците Рафис Алити и Азис Положани.

По тој ред ги давам репликите. Господине Рафис Алити, имате контрареплика од една минута.

**Рафис Алити:** Сигурно не би имал право на реплика, но со оглед на фактот дека господинот ја повика парламентарната група на ДУИ, доколку тој имаше реплика би имал од претходниот дискутант, но тој не му направи реплика на претходниот дискутант и јас барам да имам репллика, а не контрареплика.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Неколку пати дискутантите или сите тие кои дискутираа од редот на ДУИ многу јасно рековме дека имаме концептуални разлики во однос на овој Предлог закон предложен од страна на Владата. Овие разлики не се од денес, туку од порано. Нашите забелешки се дадени на конструктивен начин, но велам Парламентарното мнозинство и претставникот на Владата немаат добра волја да ги прифатат нашите сугестии. Ние не вршиме опструкција на законот, туку законот го опструираат тие кои не земале збор да расправаат во однос на овој закон, да видат кои аномалии се во законот и да ги искажат своите забелешки, без оглед дали е пратеник од нашата лева или од нашата десна страна. Ние и понатаму до властите ќе ги нарекуваме како што сме ги нарекувале до сега, бидејќи за нас тие се легални, но не и легитимни и мислам дека и на вас господине оваа работа ви е позната. Уште еднаш ќе нагласам на Предлог законот сме изнеле толку забелешки и доколку имавме една Влада или парламентарно мнозинство кое има изградено свест, сигурно овој закон ќе го повлечеше од

парламентарна постапка и сигурно ова нема да се случи. Ние кои расправаме во однос на овој закон не сме виновни, но виновни се тие кои прифатиле еден закон од друг човек, бидејќи не знаеле сами да подготват еден закон за полицијата. Сигурно и вие како парламентарно мнозинство не ги добивте гласовите од вашето гласачко тело да препишете еден предлог закон од минатата влада. Сигурно дека му ветивте на вашето гласачко тело дека ќе направите вистински реформи во полицијата итн., но вашата неспособност ве принуди да прифатите еден ваков Предлог закон, кој што го прифативте од минатата влада. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика за господинот Цветко Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Јас реплицирав на претходниот дискутант, а сега ќе ви кажам и на вас господине, дека дел од таа неспособна влада бевте и вие, за тоа што бевте во нивната коалиција.

За тоа дали е легитимна или нелегитимна, народот го кажа своето, а овде во овој Собраниски дом изгласавме Влада која легитимно го претставува поголемиот дел од Република Македонија. Ова не е едноумие за да имаме секогаш состојба сите да гласаат за таа влада. Значи овде е огромен дел од населението кое го дало легитимитетот на нас како пратениците да ја изгласаме оваа Влада.

Дел од сугестиите беа прифатени во амандманската расправа, а вие со вашите амандмани не знаете ни што сакате, ниту поднесовте амандмани. Во последен момент поднесовте амандмани. Вие со ова ваше однесување сакате само да го забавите процесот на реформите кои оваа влада ги предвидува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контрареплика за пратеникот Азис Положани.

(пратеникот Азис Положани бара збор процедурално)

Процедурално, повелете господине Положани.

**Азис Положани:** Барам процедурално господине претседателе затоа што вие дозволивте претходниот дискутант со својата таканаречена реплика воопшто да не се занимава со претходниот дискутант, туку да направи некој говор со кој со инсинуации, невистини и кажувања кои воопшто не држат се обиде да ја префрли вината за одолговлекувањето на овој закон на опозицијата, односно на ДУИ. Мислам дека може да се сфати како млад пратеник, пратеник кој е прв пат избран, но воопшто и вие како претседател требаше да го прекинете затоа што тој не може на нас да ни оспори, во рамките на Деловникот на Собранието и во рамките на тоа што го искажуваме, и во согласност со тоа придонесуваме за подобри закони за граѓаните на Република Македонија. Сите негови инсинуации што ги искажа и кажувањата мислам дека се надвор од тоа што може да се каже, ниту се процедурални, ниту се реплика, само е еден неуспешен потег со кој сака да ја насочи одговорноста на другата страна.

Сакам да кажам уште еднаш дека господинот многу греши ако мисли дека ние поради страв говориме подолго за да не се донесе некој закон кој ќе бил против нас, според него, како нешто што произлегува од неговиот говор, затоа што јас ќе го кажам спротивното. Имено, Тој ако претендира брзо да го донесе законот што ќе направи? Сака да се заканува на опозицијата дека со Законот ќе ја затвори устата или ќе и направи нешто на опозицијата? Што е неговата цел?

**Љубиша Георгиевски:** Ова веќе не е процедурално.

**Азис Положани:** Ова е дел од реакцијата на неговиот говор, кој не смасно изговори некои работи кои немаат врска ниту со процедурата, ниту со искажувањата на претходниот дискутант. Затоа требаше да го прекинете, затоа што тоа што го кажа не држи.

**Љубиша Георгиевски:** Благодрам.

Што се однесува до процедурата, невпуштајќи се во дискусија, треба да дадат само едно објаснување. Во оваа земја слободата на говорот е загарантирана, доколку не се врши дифамија, дифамација. Во Парламентот слободата на говорот е исто така загарантирана и јас немам право некој од вас да прекинам заради слободата на говорот, но имам право да прекинам некој ако се оддели од темата и нарочно ако неговиот говор е навредлив и под достоинството на ова Собрание. Сметам дека во говорот на господинот Грозданов немаше ништо навредливо, како што и сами видовте, инаку ќе реагиравте, и беше на нивото на ова Собрание и во врска со темата. Благодарам.

Сега давам збор на пратеникот Селвије Салиу.

**Селвије Салију:** Почитувани пратеници, почитуван господине Георгиевски,слушнавме дека имаше неколку реакции и уште на почетокот сакам да најавам дека мојата дискусија во неколку моменти може да изгледа дека не се придржува на дневниот ред, па затоа барам да не ме прекинете во текот на мојата дискусија и верувам дека ќе најдам на разбирање од ваша страна како претседавач на седницата.

Почитувани пратеници, сега неколку дена расправаме за Законот за полиција, Закон кој треба да се донесе бидејќи е услов за интеграција на земјата во Европската Унија и НАТО. Кога се говори за интеграција на земјата во ЕУ и НАТО, треба да нагласиме дека постои еден општ консензус како кај политичките субјекти, така и меѓу граѓаните во Република Македонија. Овој консензус кој постои меѓу граѓаните на Република Македонија, без оглед на нивната етничка припадност, не обврзува како политичари и како политички партии за толку значајни прашања како што е Законот за полиција да имаме еден општ

консензус и согласност за донесување на овој закон.

Консензусот за значајни прашања би бил клучната предност и одлучувачкиот аргумент ние како земја да се јавиме пред органите кои ги ценат нашите успеси во однос на интеграцијата на Република Македонија во ЕУ и НАТО структурите. Но за жал, досегашните постапки на парламентарното мнозинство докажуваат дека отсуствува волја за дијалог меѓу политичките партии кои се од парламентрното мнозинство и меѓу тие кои се надвор од тоа мнозинство. Условот кој се наметнува од ЕУ и НАТО структурите за донесувањето на законот за полиција не подразбира ние да донесеме закон кој не ги исполнува основните критериуми на меѓународните стандарди и да биде во спротивност со Уставот и другите закони. Расправата за законот за полиција во суштина изнесе на виделина многу нерегуларности во постапките кои треба да се следат за донесувањето на еден закон во Законодавниот дом и во една земја со парламентарна демократија. Но не само тоа, во овој случај излегуваат на виделина и целите на ова парламентарно мнозинство во врска со почитувањето на правата на етничките заедници и верските права. Во неможност овој закон да се изгласа со Бадинтеровиот принцип и продолжувањето на работното време по 17,00 часот во месецот на Рамазан се два случаи каде не може да се констатира кршење на верските и човековите слободи. Бидејќи ова се случува во највисокоит законодавен дом, треба да се сочека, бидејќи ова ќе се одрази и надвор од овој орган, етничката разновидност во една земја е богатство ако се ориентира во потребната насока. Доколку во Владата се политички сили кои не се способни, кои се од многу етникуми и многу религиозни да го искористат тоа, да ги канализираат во насока на почитување на правата на сите граѓани, тогаш ова може да биде многу штетно за земјата, што претставува и перманентна опасност за ескалацијата на некој конфликт од етнички сразмери.

Како и секој друг закон, и Законот за полицијата треба да биде усогласен со уставните одредби од Законот за локална самоуправа, Законот за внатрешни работи, со меѓународни стандарди и тоа што е од големо значење, овој закон треба да биде усогласен со духот на Охридскиот рамковен договор.

Во моето излагање ќе се потрудам да искажам неколку аргументи со кои ќе докажам дека овој закон не е усогласен со Уставот и Законот за локална самоурпава, Законот за внатрешни работи и со меѓународните стандарди и Охридскиот рамковен договор.

Во одредбите на Уставот е нагласено дека правата и слободите на човекот се гарантирани од државата, но преку овој закон на полицијата и се дава правото во секој момент да може да покани на тн. информативни разговори, без да даде никакво образложение од надлежните органи. Често пати полицијата беше употребена во различни акции за да се демонстрира сила и тогаш кога немало потреба за тоа. Тоа што треба да го овозможи овој закон е да се измени имиџот на полицијата кој асоцира на насилство во органи кои се грижат да се обезбеди мир, јавниот ред и мир и орган кој на граѓаните ќе им понуди квалитетни услуги.

Тоа што сакам да расправам тоа е поднесување аргументи со кои сакам да ја убедам госпоѓа Јанкуловска да го повлече овој предлог на закон. . .

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, министерот Јанкуловска.

**Селвије Салију:** Нашето барање да се повлече законот. . .

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам да ја ословувате госпогица Јанкуловска која е министер на оваа Влада, според нејзиното официјално ословување. Министерот Јанкулоска е за вас.

**Селвије Салију:** Господине Георгиевски, јас на почетокот нагласив дека не сакам да ми навлегувате во моето излагање. . .

**Љубиша Георгиевски:** Деловнички морам да ви навлезам затоа што овде не сме експривата, ако сме експривата тоа е друга работа.

(Господинот Рафис Алити бара процедурално)

Повелете три минути процедурално.

**Рафис Алити:** Вие најпрвин како претсдавач и вам ви е јасно зошто не ви се обраќаме како претседател на Собранието, туку само претседавач или како портпарол на ова Собрание.

**Љубиша Георгиевски:** Имаме стабилен договор околу ова.

**Рафис Алити:** Имаме многу добар договор по однос на ова прашање, вие не можете да ни диктирате како вие сакате и да мислиме и ние како што мислите вие. Уште еднаш да кажам не е добро да ги прекинувате говорите на пратениците на ДУИ, да им го одземате зборот или да интервенирате да им упаѓате во збор, бидејќи со тоа го кршите Деловникот на Собранието, а како ќе им се обраќаме ние на Владата и на министрите кои доаѓаат од Владата, тоа е прашање на нашата парламентарна група на ДУИ и ПДП.

Ние не навредуваме никого, но тоа што го реков претходно тие се легални министри, но за парламентарната група на ДУИ не се легитимни. Секој кој ќе биде тука поаѓајќи од Груевски до Јанкулоска ќе ги викаме по име и презиме.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа се легални според вас, тоа е доволно. Продолжете, ве молам.

**Селвије Салију:** Нашето барање за да се повлече овој Предлог-закон не треба да се разбере дека сме против реформи во полицијата

и против нејзината интеграција во евроатланските структури. Напротив, ние сме многу заинтересирани за квалитетни реформи и есенцијални реформи не само во полицијата, туку во сите области каде има потреба. Ова сме го докажале кога бевме во власта.

Ќе почнам со забелешката од третото поглавје каде се дефинира полициската организација.

(Претседателот разговара со еден од пратениците од позицијата).

Се извинувам господине Георгиевски јас ќе интервенирам на еден од прописите од Деловникот, треба активно да не слушате во нашето излагање. Не е во ред вие да говорите кога ние излагаме, туку треба активно да не следите.

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам, јас имам и други активности, се договарам, а така сум се договарал и со вашите шефови на парламентарната група.

**Селвије Салију:** Поради вашата позиција како претседавач на седницата треба да не слушате и тоа активно, верувам дека сите ќе се согласат со ова.

Ќе почнам со забелешките од третото поглавје каде се дефинира структурната поставеност на полицијата. Ние како парламентарна група на коалицијата ДУИ-ПДП цениме дека ова поглавје треба да претрпи коренити промени. Имено, ова поглавје е во спротивност на духот на Охридскиот договор и одредбите од Законот за локална самоуправа поконкретно со членот 36 од Законот за локална самоуправа.

Предлагачот на овој закон посебно парламентарното мнозинство во целина се потрудиле на елегантен начин да ги запостават определбите од Охридскиот договор и Законот за локална самоуправа. Но, не само тоа, тие се трудат да се ослободат и од употребата на албанскиот јазик во полицијата.

Во членот 20 од законот за полиција се дефинира формирање на сектори за внатрешни работи и тоа се формираат осум сектори за внатрешни работи. Токму преку формирањето на овие сектори за внатрешни работи се сака да се запостават определбите на Охридскиот договор и одредбите од Законот за локална самоуправа, односно се сака да се узурпираат компетенциите на општинскиот совет. Сето ова е во директна спротивност со определбата на нашата земја за да имаме еден вистински процес на децентрализација.

Создавањето на сектори за внатрешни работи е во спротивност со нивото или степенот на локалната власт или да бидам појасна е во спротивност со моделот избран за децентрализацијата. Ние го избравме моделот на едностепен степен додека ова што се предлага сега создава двостепено ниво на локална самоуправа, а некој овде ќе се потруди да ни каже дека овој закон нема врска со децентрализацијата. Но, сакам да им укажам дека во Законот за локална самоуправа во членот 36 од овој закон каде на јасен начин се дефинира дека една од надлежностите на општинскиот совет е избор на началникот на Министерството за внатрешни работи.

За да бидам појасна ќе го цитирам членот 36 од Законот за локална самоупрва со кој се дефинираат надлежностите на општинскиот совет.

Членот 36 став 1, точка 12: “Советот го избира лицето кое раководи со регионалната единица на Министерството за внатрешни работи во општината, во согласност со закон”.

Точка 12 од членот 36 вели:”Советот го разгледува и донесува годишниот извештај за јавната безбедност на територијата на општината кој го поднесува до министерот за внатрешни работи и Народниот правобранител”.

Точка 14 од овој член вели: “Советот може да даде препораки на раководното лице на регионалната единица на МВР од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот”.

Ставот 3 од овој член, од членот 36 од Законот за локална самоуправа вели: “Раководното лице од ставот 1 точка 12 од овој член е избрано доколку за него гласа мнозинството од советниците на општините кои ги опфаќа регионалната единица на Министерството за внатрешни работи”.

Во членот 24 од законот за полиција се вели: “Шефот на полициската станица со општи надлежности се избира со мнозинство од општиот број на советот каде е полициската станица од општа надлежност”. Од листата која има три кандидати предложени од министерот меѓу кои најмалку еден кандидат да биде од етничката заедница која е мнозинство во тие општини. Доколку општинскиот совет не избере ниту еден од предложените кандидати во рок од 15 дена од денот на доставувањето на листата, министерот ќе предложи втора листа која содржи најмалку три нови кандидати меѓу кои најмалку еден кандидат да биде на етничката заедница која е во мнозинство во таа општина. Доколку и по почитувањето на постапката од став 4 на овој член Советот на соодветната општина повторно не избере ниту еден од предложените кандидати во рок од 15 дена од денот на доставувањето на листата, министерот со констатација од Владата ќе го избере командирот на полициската станица од општа надлежност од страна на двете листи на кандидати како и три дополнителни кандидати предложени од страна на засегната општина. Министерот го има правото да го разреши командирот на полициската станица со општи надлежности во согласност со овој закон.

Овие два члена од овие два закони уредуваат иста материја, но тоа што го реков претходно дека парламентарното мнозинство се труди да го запостави Охридскиот договор и Законот за

локална самоуправа е токму измената на поимот лице кое раководи со регионалната единица на Министерството за внатрешни работи со поимот командир  или командир на полициска станица од општа надлежност.

Овде треба да се нагласи дека не се менува овој поим, туку и нивните надлежности се различни. Ова е тоа што го спомнав претходно дека со овој закон се врши узурпација на надлежностите на општинскиот совет за да го изберат лицето кое раководи со регионалната единица на Министерството за внатрешни работи.

Ако се анализираат овие два члена од Законот за локална самоуправа и Законот за полиција може да констатираме дека овие два члена се во противречност еден со друг. Затоа во текот на носењето на секој закон треба да бидеме внимателни, законот да биде усогласен со Уставот и другите донесени закони.

Тоа што треба да бидеме внимателни е Законот за полиција да биде усогласен со Законот за локална самоуправа. Ова е и од друг факт, бидејќи Законот за локална самоуправа се носи со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници, треба да гласа и мнозинството пратеници од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на немнозинските етнички заедници. Ова е од големо значење, бидејќи не може со одредбите од Законот кој се носи со просто мнозинство и без Бадинтер да се донесе одредбата од законот кој е донесен со двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници каде гласаше и мнозинството гласачи од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија.

Ова, почитувани пратеници, се вика етничка мајоризација. Токму етничката мајоризација од 1991 до 2002 година беше клучниот проблем во Република Македонија. Кога сите ние во Република Македонија верувавме дека по потпишувањето на Охридскиот договор на прашањето на етничката мајоризација и се стави крај еве ова парламентарно мнозинство ни дава нови методи за етничка мајоризација. Токму етничката мајоризација беше таа што ја произведе кризата во 2001 година. Немојте ова да го прифатите како закана, туку само да ве потсетам на тоа што се случи. Сите ние сакаме тоа да не ни се повтори.

Менувањето на етничката заедница за политички цели и функционирањето на Комитетот за односи меѓу заедниците на кој треба да му биде улогата на Сенатот се теми кои можеби во некоја друга прилика ќе ги расправаме и дебатираме, но овие се толку значајни прашања што за последиците од нив воопшто не сте свесни.

Во моето излагање нагласив дека ние како парламентарна група сме против формирање на сектори за внатрешни работи и се ангажираме да има 34 регионални единици на Министерството за внатрешни работи. Но, самиот факт з да се почитува Законот за локална самоуправа, да ве потсетам дека неколку министерства и други органи се организирани во 34 регионални единици иако сме против овие сектори за внатрешни работи, јас ќе ги коментирам критериумите за формирање на овие сектори. Врз основа на овој закон се формираат осум сектори и тоа во: Скопје, Битола, Велес, Куманово, Охрид, Струмица, Тетово и Штип.

Ако се анализираат овие сектори ќе се увиди дека Предлогот на овој закон не ги почитувал истите критериуми за сите сектори. За да го докажам ова што го кажав, ќе дадам неколку аргументи како што се бројот на жители, бројот на полициските станици од општа надлежност и просечниот број на жители за една полициска станица од општа надлежност.

Секторот за внатрешни работи кој ја има полициската станица во Скопје бројот на жители е 578.120. Бројот на полициски станици од општа надлежност во Скопје се 9, значи на една полициска станица ако го земеме односот жител во една полициска станица е некаде 64.242 жители за една полициска станица.

Во Битола, бројот на жители 249.822, бројот на полициски станици од општа надлежност е 6, а односот жител една полициска станица 41.637 жители.

Велес, 133.180 со три полициски станици од општа надлежност, односот жител полициска станица е 44.393 жители.

Куманово, 192.787 жители, три полициски станици од општа надлежност, односот жител полициска станица 57.596 жители.

Охрид, 209.860 жители со четири полициски станици од општа надлежност, односот жител полициска станица е 52.465 жители.

Секторот во Струмица бројот на жители во овој сектор е 171.416. Во рамките на овој сектор имаме 4 полициски станици од општа надлежност, бројот на жителите за полициска станица е 42.854.

Тетово, еден сектор со голем број жители 304.125 жители со само 2 полициски станици од општа надлежност односот жител полициска станица разликата е видлива, бидејќи само овде имаме троцифрен број 152.163 жители.

Штип, 206.000 жители, 7 полициски станици односот жител полициска станица 29.428 жители.

Можеби овие бројки кои ги спомнав за некого не претставуваат нешто значајно, но јас ќе земам два примери за да бидам појасна.

Во секторот за внатрешни работи во Тетово има 304.125 жители и само две полициски станици од општа надлежност каде околу 152.000 жители се снабдуваат со лични документи на еден шалтер додека секторот во Штип кој има 206.000 жители ќе има 7 полициски станици, а таму има околу

29.000 жители да се снабдат со документи од еден шалтер.

Овде може да се забележи двојниот пристап и непочитување на истите критериуми за разни сектори.

Или секторот за внатрешни работи во Охрид кој ги опфаќа општините Дебар, Кичево, Зајас, Осломеј, Струга, Охрид, Центар Жупа, сите овие општини имаат регистрација на возилата ОХ што едноставно може да се каже дека со ова се сака да се постигне колонизција на општините каде мнозинството се од албанска етничка заедница.

Во членот 23 се дефинира формирање на полициски станици од општа надлежност, и тоа се формираат 38 полициски станици. Велам 38 полициски станици. Од нив пет се во општините со албанско мнозинство. Со полициската станица од општа надлежност ќе раководи командирот на полициската станица. Ова лице, врз основа на овој закон ќе го избере Општинскиот совет, на предлог на министерот. Како што спомнав ова се коси со Охридскиот договор и со Законот за локална самоуправа.

Врз основа на Охридскиот рамковен договор, Анекс Б точка 4, локалната самуправа е надлежна за назначување на началник на регионалната единица, а не на командирот на полициската станица. Духот на овој договор е локалната самоуправа да има одговорност за безбедноста на граѓаните, како јавната безбедност така и во патничкиот сообраќај. Лицето кое го назначува командирот на полициската станица нема надлежности од јавна безбедност. Нема надлежности во јавната безбедност. Општинскиот совет дава препораки за јавната безбедност кога истото не е во негова надлежност.

Доколку целта на овој закон е да се обезбедат квалитетни реформи, ова не треба да подразбере реформа само во униформираниот дел, туку во Министерството за внатрешни работи во целина. Апсурдот што е во овој закон, тоа е членот 26, а не заради фактот што со овој член се формираат центри за гранична контрола, туку поради утврдувањето на местата каде се воспоставуваат центрите за контрола на државната граница. Овие центри се воспоставуваат во Кавадарци за јужната граница, во Делчево исто, во Скопје за северната граница, во Охрид за западната граница.

Јас тука би ве замолила уште еднаш, ја молам госпоѓица Јанкуловска јавно да ги каже критериумите за определбата на овие регионални центри. Посебно ова се однесува за критериумот како е определен Охрид да биде регионален центар за запад, кога се знае дека Охрид е позициониран на југозапад на земјата. Зошто не е определен Дебар како центар за гранична контрола, кој е позициониран град во средината на граничната западна линија?

Неколку од пратениците на парламентарното мнозинство слушнавме како велат дека-ние не се плашиме од албанците и немаме прејудикации во однос на нив. Дали во овој случај не гледате дека, за жал, се уште постојат предрасуди за албанците и градовите со албанско мнозинство? Ова е еден факт бидејќи некој сеуште се занимава со предрасуди и тоа доведува до страв.

Ова се забелешките во однос на Третото поглавје, што во суштина се и клучните забелешки на оваа коалиција и слободно можам да кажам дека ова се забелешките што ги изнесуваме, за што имаме концептуални разлики меѓу нас и парламентарното мнозинство. Напротив, овие забелешки и нашите дискусии по однос на амандманите и текстот на Предлогот на закон на нив немаме ниту еден одговор од госпоѓица Јанкуловска која е должна да одговори на сите наши забелешки и укажувања. Но, по се изгледа, ова личи на дијалог на глувите.

Тоа што претставува клучен недостаток на овој закон е употребата на јазикот на етничката заедница која е над 20% на државно ниво. Овде, во членот 34 се спомнуваат само комуникацијата на полицијата со лицето кое го приведува. Но, не е доволно само комуникацијата, туку и употребата, широката употреба на јазикот во самата полиција. Овде треба да се дефинира како ќе бидат натписите, симболот, значката на униформираниот полицаец што ќе ја носи, натписите на полициските возила, повикување и многу други службени документи во работата на полицијата.

Затоа, тоа што ние го бараме е да има ново поглавје за употребата на јазикот, како правичната и соодветната застапеност на сите етнички заедници. Од неколку пратеници од парламентарното мнозинство се слушнаа произнесувања дека неколку од нашите забелешки ќе можат да се уредат со подзаконски акти, бидејќи законот влегува во сила после една година, можат да се направат измени во еден краток период, па тогаш зошто ова инсистиррање законот да се донесе сега? Зошто инсистирање без претходно да се направи консултација и сепартиски консензус.

Почитувани пратеници, поччитувани колеги,

Законот за полиција треба да се донесе бидејќи е услов од Европската комисија, но од друга страна треба да биде закон што ќе обезбеди квалитетни реформи, повторувам што ќе обезбеди квалитетни реформи во Министерството за внатрешни работи, децентрализација на надлежностите во однос на Рамковниот договор и Законот за локална самоуправа. Зајакнувањето на взаемната доверба во однос на полицијата и именување на имиџот на полицијата, понуда на квлаитетни услуги за граѓаните, гаранција за безбедност во однос на сите граѓани, правична и соодветна застапеност на сите етнички заедници во Република Македонија, употреба на јазикот во полицијата, почитувања на правата и слободите на граѓаните.

Условот на Европската комисиај е да го донесеме предлогот на закон за полиција не значи дека треба да донесеме закон што не ги исполнува критериумите и не гарантира реформи што току Европската заеница и НАТО ги бараат од нас. Од она што може да се прочите во овој закон и размислувањата на организациите што се занимаваат со заштитата на слободите и правата на човекот може да се констатира дека овој закон има многу недоречености во многу сегменти. Доколку до донесувањето на законот не се успее да се отстранат овие слабости и недоречености или самиот закон не ги отрани досегашните слабости во функционирањето на полицијата, тогаш е попусто нашето инсистирање законот да се донесе во една сакана динамика што некој ја посакува.

Во последно време сведоци сме на неколку недолични настани во полицијата, што во голема мерка го рушат имиџот на полицијата во целост. Тоа што можевме да го видиме во електронските медиуми, кога двајца граѓани се тепаат меѓу себе, принудени да го прават тоа од полицијата, еден скандалозен случај што бара побрзо расветлување од надлежните органи.

Клучната слабост на овој закон е дека не обезбедува механизми за внатрешна контрола на полицијата, како и тоа што ја отстранува граѓанската контрола во полицијата. Ова се два стандарди без кои не може да се замисли донесување на закон за полиција во земји со развиена демократија.

Парламентарната контрола на безбедносните сили е неминовна во земјите со парламентарна демократија, во една демократска земја. Сведоци сме дека во секоја афера што се јавува во полицијата за пречекорување на надлежностите, употреба на сила од страна на полицајците, Комисијата за внатрешна контрола на Министерството за внатрешни работи, излегува со констатација по направената анализа и внатешната контрола, пороизлегува дека полицијата ги нема пречекорено надлежностите и нема употребено прекумерна сила. Напротив, постоењето на факти и аргументи за таква констатација, тоа значи дека нема сила и друга институција што може да го промени овој став.

Почитувани пратеници, за овој закон можеме да говориме и цел ден. Нашата цел како парламентарна група не е да го пролонгираме и забавиме носењето на овој закон, како што некој мисли, но наша цел е, со нашите дискусии да ги искажиме нашите забелешки и нашите аргументи за тоа зошто законот за полиција треба да претрпи измени. Ние сме доследни во нашите ставови во врска со овој закон, бидејќи истите ставови ги искажавме и во првата фаза во овоја предлог закон, за разлика од неколку парламентарни групи кои еден ден го фалат законот, а утредента го критикуваат. Третиот ден повторно се согласуваат со овој закон.

За релаксација би рекла дека времето не се менува како што кај нас се менуваат ставовите на парламентарните групи. Уште еднаш ќе потврдам дека нема да го поддржам законот за полиција ваков каков што е предложен. Би апелирала повторно да се повлече, со една единствена цел да имаме еден поширок консензус како политички, така и етнички. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Илија Димовски има реплика три минути.

(Пратеникот Садула Адураку бара збор процедурално)

По кој член од Деловникот ќе реагирате?

**Садула Адураку:** По членот 85.

**Љубиша Георгиевски** : На пратеникот кој сака да говори за повреда или неправилна примена на Деловникот, претседателот му дава збор штом ќе побара.

Говорот на овој пратеник не може да трае подолго од три минути.

По говорот на пратеникот претседателот на Собранието дава појаснување.

Сета оваа процедура досега е одржана. Сега вие повелете.

**Садула Дураку:** Благодарам господине Георгиевски.

Вие интервенирате, упаѓате во говори на пратеници и на некој начин ја навредувате, дека не е културно или друго, меѓутоа тоа не е културно. Ќе ве потсетам, т.н. ваш Груевски, сегашен премиер, Претседателот на државата, актуелниот, не само што не го викаше по име туку ги кажуваше само иницијалите, Б.Ц. и никој не му обрна внимание за тоа. Никој не му рекол дека е културен или дека е некултурен. Затоа, за културата вие првенствено треба самите да седните, да се свртите самиот кон себе а пота да кажете на друг. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Моето деловнничко објаснување е кратко. Ест модус ин ребус.

Продолжуваме.

За реплика се пријави Илија три минути, Лалчевска три минту, Петров три минути, Ташева Виолета три минути. Значи дека имаме четворица пријавени за реплика.

(Пратеникот Рафис Алити бара збор процедурално)

Според кој член ќе говорите?

**Рафис Алити:** Според членот 85.

Вие, господине треба да говорите на јазикот што го разбираат пратениците а да не се продавате дека знаете многу јазици и т.н. Треба да говорите на јазикот што го разбира и гласачкото тело надвор од ова Собрание. Доколку сте научиле некој збор од латинскиот, има пратеници кои не ги знаат тие изреки. Ако мислите и понатаму вака да говорите, добро да ни обезбедите преведувач

од латински. Нормално е и ние и јавноста да знаеме што говорите.

Вие можеби сакате да ја девалвирате групата на ДУИ, но во суштина го девалвирате овој дом, Собранието и самите себе си.

**Љубиша Георгиевски:** Ги одбивам сите инсинуации.

Сега да продолжиме со репликите.

Три минути има реплика Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Почитуван претседателе, во секој случај поддржувам расправа и поддржувам дискусија, меѓутоа искрено ми пречи кога добивам чувства дека водењето на дискусија не е поради дискусијата, туку е поради одолговлечување на целокупната расправа. Меѓутоа, ќе повторам, апсолутно се согласувам со тоа дека законот е суштински и дека заслужува доволен степен на внимание и расправа во ова Собрание.

Меѓутоа, еве и јас да апелирам сето тоа да го држиме во нормалата и да се обидеме, покрај тоа што ќе дискутираме, да бидеме ефикасни.

Јас се јавувам за реплика на почитуваната госпоѓа во врска со членот 24 од Предлогот на закон за полиција, кој што апсолутно наоѓа корен во одредбите на Рамковниот договор.

Во членот 24 е предвиден начинот како ќе се избира командирот на полициската станица. Тоа е предвидено во 4 става, дека се бирало со мнозинство на гласови од вкупниот број на советници од страна на Советот на општината, во процедура што е наведена во членот, да не го читам членот.

Ќе прочитам делови од Рамковниот договор, само да ги потсетам колегите пратеници од ДУИ што пишува во Рамковниот договор:

Точка 3.3 од Рамковниот договор вели: "Со цел да се обезбеди дека полицијата е свесна и одговорна на потребите и интересите на локалното население, локалните началници на полицијата ќе ги избираат советите на општините од листа на кандидати предложени од страна на Министерството за внатрешни работи и истите редовно ќе комуницираат со советите.

Министерството за внатрешни работи ќе го задржи овластувањето за разрешување на локалнтие началаници на полицијата, во согласност со закон".

Анексот В од Рамковниот договор што ја има оваа одредба многу прецизно утврдено вели: "Пред завршување на мандатот на Собранието, Собранието ќе усвои одредби што обезбедуваат дека секој локален началник на полицијата избран од страна на Советот на засегнатат општина од листа што не содржи помалку од тројца кандиати предложено од страна на Министерството за внатрешни работи, меѓу кои барем еден кандидат припаѓа на заедницата во мнозинсто во општината.

Во случај советот на општината да не избере ниту еден од предложените кандидати во рок одд 15 дена, Министерството за внатрешни работи ќе предложи втора листа што не содржи помалку од тројца кандидати , меѓу кои барем еден кандидат припаѓа на заедницата во мнозинство во општината.

Доколку совететот на општината повторно не избере кој било од предложените кандидати во рок од 15 дена министерот за внатрешни работи, во консултации со Владата ќе го избере локалниот началник на полицијата од двете листи на кандидати предложени од страна на Министерството за внатрешни работи, како и тројца дополнителни кандидати предложени од страна на советот на општината".

Ова го пишува во Рамковниот договор, ова е прецизно префрлено во законот за полиција. Јас ги отфрлам сите инсинуации дека не е почитуван Рамковниот договор при донесувањето на законот за полиција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има ли контра реплика?

Повелете една минута контра реплика.

**Селвије Салију:** Незнам колегата како го сватил, но јас бев многу јасна во моето објаснување во однос на амандманот. За информација, Охридскиот договор не говори за командир, туку говори за началници. Локални началници од општ анадлежност. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Репика од три минута има Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Колешката Селвије истакна дека е овој закон кој треба да се донесе и дека е услов за нашата ЕУ интеграција. Јас се согласувам тука со неа. Апсолутно е така. Потребно е консензус поширок и со тоа се согласувам.

Меѓутоа, една работа не ми е јасна. Зборуваше подолго време, јас со внимание ја слушав и ја следев сите забелешки кои ги изнесе по текстот на законот. Меѓутоа, не ми е јасно зошто ценетата колешка во првата фаза не ги изнесе сите овие забелешки да ги разгледа Министерството и дел од нив да усвои. Овде го имам листингот за гласање за потребата за донесување на закон. Мојата ценета колешка исто како и јас го пдоржала тој Предлог на закон, меѓутоа, ги имам и стенограмите во кои има само еден кој говорел од тогашната пратеничка група на ДУИ, изнесол некои свои забелешки и дел од тие забелешки гледам дека се прифатени сега во сегашниот текст на законот. Ми останува навистина нејасно, зошто мојата колешка тогаш не ги изнела сите овие забелешки да ги разгледа предлагачот на законот. Меѓутоа, тоа е нејзина определба. Јас своите си ги изнесов и гледам дека дел од нив се прифатени. А дека се прифатени бројни забелешки од сите политички партии, еве ќе илустрирам со еден пример од претставник на ДУИ кој говорел на таа седница. Поготово во делот за информативните разговори, бидејќи тој

најмногу беше експлоатиран од сегашните говорници. Тогаш колегата во тогашниот член 41, каде што е третирано повикувањето, сега е тоа член 43 барал исклучиво само да се избришат зборовите “преку телекомуникациски средства”, бидејќи во тогашниот предлог беше предвидено покрај ова како правило со писмена покана повикување на и т.н., тука се разработени во член 41 и поканата и начинот на повикување и како исклучок може да биде повикан усмено или преку, тогаш стоеше така, телекомуникациски средства. Баравме да се избрише и тогаш е направено во овој сегашен предлог. Јас не знам зошто сега толку забелешки на овој член, каде што е прифатена забелешката на тогашниот говорник од ДУИ.

**Љубиша Георгиевски:** За контра реплика се јави Селвије Селију.

**Селвије Селију:** Ви благодарам почитувана колешке но тогаш тој што дискутирал од ДУИ, ДУИ имаше стратегија и во име на целата група говореле тие кои ги имате во вашите забелешки, или во стенограмите. Значи, тие забелешки се дадени на парламентарната група. Мислам дека така пишува. Не се дадени тие забелешки во име на пратеникот. За тоа, зошто ние денеска реагираме, реагираме, бидејки многу јасно се гледа дека не се земени предвид тие забелешки и тогаш, но и сега, а посебно забелешките во однос на секторите за внатрешни работи. Јас бев јасна и во мојата дискусија. Сите имаме големи разлики во сектори. Во Тетово има троцифрен број, а во другите двоцифрени броеви.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика од три минути има Виолета Ташева.

**Виолета Ташева:** Благодарам почитуван претседателе,

Колешката во својот говор кажа дека треба да не потсети, но за нејзино потсетување денеска е 17 октомври, или 20-иот ден од расправата по текстот на законот за полиција, а не потсетување за 2001 година. Тоа е закана.

Инаку, текстот на законот беше даден точно како предлог на 28.09.2005 година.Значи пред една година. Ако тогаш колешката имала некакви забелешки и се јавила за дискусија да бара нешто во врска со текстот на законот да се измени, а денеска укажува дека нема усогласеност негова со Уставот и законите, поготово инсистирајки дека Законот за локална самоуправа не е почитуван во овој текст, тогаш е дилемата дали на колешката и е јасно кога бил Предлог на законот, дека тогаш се гледа усогласеноста на овие закони со текстот на законот.

Инаку, пратеничката група ДУИ и колешката беа дале амандмани во кои за само 5 члена има реагирање и дури и таму не беше јасен ставот дали за работен стаж, односно работно искуство е потребно нула години, односно немање работно искуство, или 30 години работно искуство за дадено раководно место. Што значи дека не е во прашање текстот на законот, не е во прашање усогласеноста со Уставот и законите, едноставно, е во прашање и во намера на колешката и пратеничката група ДУИ дали овој закон треба да се донесе или не, односно дали тие ги подржуваат реформите и подржуваат влез на Република Македонија во Европската унија или не. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За контра реплика се јави Селвије Салију.

**Селвије Салију:** Јас ќе почнам од крајот со мојата против реплика, бидјеки често ги земаме за пример од 0 до 30, но благодарение на нивниот механизам, успејаа да ги отстранат од парламентарна постапка, што воопшто не е во ред.

Во однос на првиот дел, до колку вие почитувано госпоѓо мислите дека слободниот збор на пратениците во ова Собрание е закана, тогаш не знам што треба да направиме ние пратениците на оваа коалиција и како ќе ни ги затворите устите на нас што настојувате во таа насока.

**Љубиша Георгиевски:** Господин Горан Петров има реплика од три минути.

**Горан Петров:** Благодарам почитуван претседателе, мојата реплика се однесува на делот од текстот што го читаше почитуваната колешка пратеничка, која што како недоличен пример беше наведен примерот на кој што на телевизиска снимка се гледа како две момчња, претпоставувам од ромската националност, се принудени меѓусебно да се удираат. Тоа како пример беше кажано и за тоа беше за жал, прозвана и почитуваната минситерка. Се би било во ред до колку текстописецот во меѓувреме не виде на телевизија дека се работи за настан од соседна држава, од Република Бугарија. Претпоставувам дека почитуваната колешка не сакаше да предизвика дипломатски инцидент, или мешање во работите на соседна држава, бидејки, очигледно е дека е беспредметно да расправаме за нешто што се случило на територијата на соседна држава.

Би ја потсетил почитувната пратеничка дека денеска на дневен ред е Предлог законот за полиција на Република Македонија. Со тоа, би ја завршил мојата реплика со одредено укажување до текстописецот барем да ги ажурира текстовите, бидејки во меѓувреме се изменија аргументите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За контра реплика се јави Селвије Салију.

**Селвије Салију:** За да го известам господинот автор на текстот за тоа да не се секира за децата од ромска националност кои тоа го изнесоа во средствата за јавно информирање. Тоа така беше пренесено и не беше демантирано од органите на полицијата дали се случило кај нас или на некое друго место.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Џевад Адеми. (Не е тука).

Има збор министерот за внатрешни работи.

**Гордана Јанкуловска:** Кратко појаснување за госпоѓата пратеничка Селвије Салију.

Јас уште еднаш ќе повторам дека внимателно треба да ги следите и вестите и демантите, за да не дојде во заблуда целата македонска јавност. Веста која беше објавена на еден од македонските медиуми веднаш беше демантирана и демантот беше објавен во истиот медиум.

Во интерес на јавноста повторувам дека демантот беше благовремено објавен и целата македонска јавност е информирана дека вие шпекулирате со оваа информација. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам. Не е вистина тоа што го кажа госпоѓата, бидејки доколку го виде продолжението на таа емисија, снимателите од А-1 во Злокуќани го идентификуваа семејството на детето кое се гледа во таа тепачка, што значи дека тој настан не се случил во Бугарија. Ако се случил таму, тогаш треба јавноста да се извести дека тоа е пренесено од Македонија во Бугарија и таму се случило сето тоа. Но, се додека родителите или блиските, соседите го идентификуваат детето, тоа говори дека настанот се случил кај нас. Но уште еднаш ќе повторам, во тоталитарните држави се случуваат и вакви работи како што се случуваат кај нас, бидјеки јавноста се плаши да ја каже вистината, бидејки е во знак прашање самата полиција.

Поради ова, во текот на нашата расправа кога говоревме за правата на човекот му посветивме толку големо значење на ова прашање, така што не е добро да се дезинформира јавноста. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам кога употребуваме епитети тоталитарни за наши соседни држави, да повнимаваме малку. Не е тоа добро.

Има збор господинот Кенан Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Почитуван господине претседателе, почитувана минситерке за внатрешни работи, дами и господа пратеници. После неколку дневни перипетии и натегања, процедурални интервенции и партиски консултации и по исцрпување на амандманската расправа продолжи расправата по Владиниот текст на законот за полиција, еден исклучително важен закон, со кој се редивираат основните функции на полицијата, нејзината организациска поставеност, нејзините овластувања, па се до правата и овластувањата на полициските службеници.

Впрочем, начелна е согласноста во рамките на севкупните реформски процеси во сферата на безбедноста да се реформираат и полициските структури на начин кој ќе овозможи демократизација на полицијата и нејзино функционира како вистински сервис на граѓаните од една страна, како и нејзино усогласување со стандардите на Европската унија во безбедносната сфера и усогласување со препораките и насоките содржани во Европскиот кодекс на полициска етика и Европската полициска повелба од друга страна. Поаѓајки од наведените принципи, јас би сакал да ги изложам моите гледишта и коментари на Предлог законот за полиција и тоа не од технички аспект, за кој го делам мислењето дека се солидна правна рамка за квалитетна расправа во Собранието, туку од аспект на можните импликации во законот врз ефективната заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, гарантирање на неговата лична сигурност и безбедност, а посебно од аспект на почитување на човековото достоинство и углед.

Ако кон ова се додаде специфичниот мулти етнички карактер на македонското општество, што би требало да се рефлектира и во полициските структури на сите нивоа, потребата од ваквиот пристап во концептуалното и содржинското дизајнирање на законот за полиција уште повеќе добива на тежина.

Гледано од тој аспект, не сум баш сигурен дека законот концептуално, содржински е во функција да го обезбеди тој толку неопходен етнички баланс како елементарен услов за една стабилна демократија.

Токму од тие причини, потребна е конструктивна комуникација меѓу политичките елити што подразбира дека политичките елити треба да преговараат и да се договараат, да се спогодуваат и да се почитуваат, да се усогласуваат, а не да се надгласуваат, да прифаќаат компромиси, а не да се конфротираат.

Со други зборови, во мултиетнички општества, како што е Република Македонија демократијата е супстанционална, а не процедурална. Процедуралниот тип на демократија е карактеристично за етнички хомогените општества.

Расправата по овој закон започна со бројни процедурални испади, па дури и повреди на процедурата, место да се преговара за да се обезбеди висок степен на консензус помеѓу политичките елити. Ова дотолку повеќе што бројни одредби во законот не се доволно прецизни, поради што можат најразлично да се толкуваат.

Интенцијата на законите е одредена уставна категорија да се преточи во јасна законска материја, за да не остане простор за поинакво правно толкување, што на примерот на законот за полиција е од посебно значење. Поради превенција на можните пречекорувања на полициските овластувања и повреди не само на уставно загарантираните права и слободи на човекот и граѓанинот, туку и неговото достоинство и углед.

Ова неслучајно го напоменувам, бидејки законот содржи бројно непрецизно дефинирани одредби и појмови, за кој ќе се осврнам во моето излагање.

Освен тоа, законот по својата содржина, особено во поглавјето на полициските овластувања не доволно го афирмира принципот на владеење на правото во извршувањето на полициската функција. Дотолку повеќе што не е дефиниран поимот полициско овластување, како и целите и потребата од превземање на полициските овластувања, поглавје 4, член 28.

Ова неслучајно го подвлекувам, бидејки согласно Законот за кривична постапка, вакви или слични овластувања имаат и други органи на државната управа, како што се царисннките служби, финансиската полиција и други, така да меѓу нив е потребно да се направи јасна дистинкција.

Имајки го предвид фактот дека зачленвуањето во Европската унија, подразбира усогласување на домашната легислатива со стандардите на Европската унија, како и фактот дека меѓународните договори ратификувани во Собранието на Република Македонија, согласно член 118 од Уставот се составен дел на внатрешно правниот поредок и не можат да се менуваат со закон, терминологијата во Предлог законот за полиција треба да биде усогласена со меѓународните договори и конвенции од областа на полициските овластувања, што во конкретниот случај не е доволно јасно направено.

Освен тоа, паѓа во очи дека законот не содржи ниту една одредба со коај ќе се утврдат критериумите за стекнување и губење на полициските овластувања, како и одредби со кои ќе бидат регулирани прашањата на контрола, одговорност и казни, до колку се прекорачат овластувањата утврдени со одредбите на овој закон. Без вакви одредби не е можна трансфорамцијата на полицискиот апарат од орган на прогонот во орган кој ќе ги гарантира слободите и правата на човекот и граѓанинот и ќе биде вистински сервис на граѓанинот.

Уште поиндикативен е фактот што законот не предвидува процедура на правна заштита на граѓанинот, до колку бил жртва на прекорачување на полицисктие овластувања.

Член 8 предвидува право на претставка до полицијата, во кое се вели: “Кога лицето кон кого се применети полициските овластувања согласно овој закон смета дека полицискиот службеник ги повредил неговите слободи и права има право на претставка до полицијата. Полицијата е должна да изврши проверка на наводите по претставките и во рок од 30 дена од денот на приемот на претставката во писмена форма да го извести подносителот за преземените мерки”. Тоа е се околу можноста граѓанинот да ги заштити своите слободи и права. Во тој контекс ќе го цитирам и ставот 3 во член 81 каде се вели: “Основаноста, оправданоста и правилноста на употребата на огнено оружје и употребата на средства на присила кога е предизвикана тешка телесна повреда, или настапи смрт на некое лице, или кога средството за присила е употребено спрема повеќе лица, ги оценува организационата единица на Министерството, надлежна за вршење на внатрешна контрола и професионални стандарди, која ги разгледува околностите под кои е применето средството на присила и изготвува извештај со мислење, за основаноста, оправданоста и правилноста на употребата на средствата за присила, што го доставува до министерот”. Значи наместо цивилна контрола на пречекорувањето на овластувањата да го врши независно тело, овде се користи она народното “Кадија те тужи, Кадија те суди”. Освен тоа во Предлог законот не е прецизно дефинирано што е тоа сразмерна сила, член 35 и кои се тие полициски овластувања со кои со најмалку штетни последици во најкраток временски рок, ќе се оствари целта. Тоа само по себе значи дека во најкраток можен рок може да се оствари целта само со употреба на најтешки средства на присила или прекумерна употреба на сила.

Посебно е индикативно што во законот не се дефинирани посебните околности, напоменувам, посебните околности во примената на полициските овластувања што посебно добива на тежина кога се во прашање полициските овластувања кон малолетните лица, став 3 член 37. Полициските постапувања кон ваквите лица мора да бидат во согласност со одредбите на законот за малолетничка правда и во согласност со меѓународните стандарди во оваа сфера. Само со прецизно дефинирање на посебните околности ќе зафиси дали, кога и во колкав обем ќе се применат полициските овластувања за да се спречи субјективна процена на ситуацијата и можните злоупотеби. Дефакто во тоа е суштината на правилната примена на средствата за присила и превенцијата на можните пречекорувања и злоупотреби.

Имајќи ги предвид сите овие недоречености, поглавјето за полициските овластувања треба целосно да се ревидира, бидејќи вака конципирано, за жал, полицијата повеќе го идентификува како орган на репресија отколку орган задолжен за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Второ што по мене е посебно значајно е тоа дали законот во делот на посебните услови за носителите на полициските функции овозможува ефикасна имплементација на принципот на правична и соодветна застапеност во сите структури и сите нивоа. Тоа не случајно го напоменувам бидејќи постојат тенденции тој принцип да се третира како нумеричка категорија т.е. правичната и соодветна застапеност да се третира низ призма на бројки, а не низ призма на ефикасна застапеност во сите структури и на сите нивоа.

Имајќи го предвид фактот дека имплементацијата на овој принцип започна во 2003 година и дека

застапеноста на припадниците на немнозинските заедници во структурите на Министерството за внатрешни работи, на сите нивоа е релативно ниска, високите лимити за стекнување на раководни позиции во полицијата, дополнително ќе ја отежнат имплементацијата на принципот на правичната и соодветна застапеност. Ова дотолку повеќе што за носителите на раководни функции во полицијата, како посебни услови, прво беа дефинирани 12, а после десетгодишно работно искуство и соодветно образование што како поим не е дефинирано, дали исклучиво од струкат и кој степен. Во тој контекст поднесов два амандмани со кои потребното работно искуство за овие позиции се намалува на осум години. За жал, Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, по мое длабоко убедување, со погрешно толкување на член 161 став 2, ми го одзема правото да се расправа по овој амандман, во парламентарната дебата. Од друга страна законот предвидува далеку омал број на полициски страници во однос на бројот на единици на локална самоуправа во Република Македонија, член 23.

Иако бројот на полициските станици е дискутабилен, законот не предвидува дали и во која процедура, на изборот на командирот на полициската станица ќе учествуваат општините во кои не е предвидена полициска станица, а за нив е надлежна полициската станица во друга општина.

Законот, почитувани пратеници, меѓу другото не предвидува можност за проширување на мрежата на полициските станици, доколку се појави потреба за тоа, ниту пак доколку се создаде таква можност не утврдува на чија иницијатива, во каква процедура и која е улогата на локалната власт во таа ситуација. Законот само предвидува, во членот 17, дека за вршење на полициски работи за кои е потребен висок степен на специјализација, а заради ефективно и економично извршување на одредени специфични и сложени задачи, како и за потребите на секторите за внатрешни работи и регионалните центри за гранични работи, по принцип на централизирано работење, се формираат централни полициски служби кои работите ги вршат на целата територија на Република Македонија.

Во измените на мрежата на полициските станици, според законот, не е надлежно ниту Бирото за јавна безбедност, ниту секторите за внатрешни работи, туку веројатно се остава на дискреционото право на министерот за внатрешни работи, или дополнително преку измена и дополнување на законот за полиција. Законот предвидува отварање на нови полициски станици само во регионалните центри за гранични работи, член 27, заради обезбедување на државната граница, како и полициски станици за гранична контрола, согласно со меѓународните стандарди за надзор над државната граница. Освен тоа, законот не предвидува како ќе се постапи со полициските станици кои веќе постојат во одредени општини, а не се предвидени во Предлог законот за полиција, дали истите ќе се укинат и што ќе се случи со вработените во тие полициски станици.

Бидејќи Законот за локална самоуправа ги регулира прашањата на службената употреба на јазиците на заедниците на локално ниво, се поставува прашање како ќе се регулира прашањето на употребата на јазикот и писмото на заедниците, дотолку повеќе што според законот за полиција, многу полициски станици ќе бидат надлежни за повеќе општини. Само има обврска при приведување, да се обрати на јазикот што приведениот го разбира.

Се поставува прашањето дали службената употреба на јазикот и писмото ќе биде врзана за етничката структура на општината во која е лоцирана полициската станица, или таа употреба ќе зависи од етничката структура на регионот за кој е формирана полициската станица, бидејќи знаеме дека нема толку полициски станици колку што има општини.

Бидејќи овие прашања не се регулирани со законот, тогаш се поставува дилемата дали во сферата на полицијата ќе се применуваат одредбите на Законот за локална самоуправа, во делот на службената употреба на јазикот и писмото на заедниците. Овие прашања со сета своја сериозност ќе се наметнат во наредниот период, доколку не бидат прецизно разјаснети во законот за полиција.

Имајќи ги предвид овие дилеми околу службената употреба на јазиците на заедниците, изненадува одлуката на Комитетот, принципот на двојно гласање, или така наречениот Бадинтеров принцип, да не се применува при изгласувањето на законот за полиција, но за тоа ќе се осврнам малку подоцна, само ќе наведам пример, бидејќи во двете општини со доминантно турско население, не се предвидени полициски станици, а ги има. Во нив, дефакто и де јуре, во сферата на полицијата не може да се примени правото на службена употреба на турскиот јазик во тие две општини.

Длабоко сум убеден дека сите овие прашања ќе имаат сериозни импликации при имплементацијата на овој закон.

Според информациите кои пристигнуваат од Брисел по заокружувањето на законите произлезени од Рамковниот договор од Охрид, во фокусот на интересот на Европската комисија, ќе биде нивната имплементација. Оттука, по вакви сложени прашања потребен е поширок консензус, а не надгласување. Освен тоа, по мое длабоко убедување, една од најслабите страни на законот е што воопшто не се дефинирани надлежностите на полициската станица и началникот на локална полиција, термин користен во Рамковниот договор, за што неколку дена се расправало при

изготвувањето на Рамковниот договор од Охрид, член 23 и член 24. Ова дотолку повеќе што согласно Законот за локална самоуправа кој како системски закон се донесува до 2/3 мнозинство и по Бадинтеровиот принцип, јасно е дефинирана улогата на советот на општината при изборот на шефот односно началникот на локалната полиција, а не командирот на полициската станица, како што е предвидено во Предлог законот за полиција.

Имајќи ја предвид со закон дефинираната улога на советот на општината, во изборот на шефот на локалната полиција, изненадува одлуката на Комитетот за односи меѓу заедниците кој во крајно редуциран состав утврдува дека за изгласувањето на овој закон не е потребно Бадинтеровото мнозинство. Инаку за вистина на вољата, ниту во Уставот, ниту во текстот на Рамковниот договор од Охрид, експлицитно не се споменува Бадинтеровиот принцип за законот за полиција. Меѓутоа, правните експерти знаат дека во такви случаи се применува така нареченото компаративно право, дотолку повеќе што законот за полиција повеќе од било кој закон задира во интеретничките релации и е - кондицио инекланон, за политичка стабилност во земјата. Токму од овие причини почитувани колеги, при одлучување по вакви осетливи прашања, треба да се има политички сенс, дотолку повеќе што последиците можат да бидат сериозни и далекусежни. Прашањето не е од техничка природа, да се применува методот на надгласување. Тоа може да предизвика опасна естизација на македонскиот политички простор. Освен тоа дискутабилно е дали предложената поделба на сектори е најсоодветна, член 20, не само од географски аспект и од аспектот на бројноста на населението во делокругот на тој сектор, туку дали соодветствува на етничкиот состав на соодветниот регион. Тоа не од аспект на етнизација на полициските структури, туку од аспект на доближување на полицијата кон граѓаните, независно од нивната етничка припадност.

Освен по некои помалку важни прашања, токму по ова прашање партнерите од минатиот владин состав не можеа да ги усогласат ставовите и од тие причини законот не влезе во парламентарна процедура. Денес истиот закон, буквално со иста содржина е на дневен ред, иако предлагачот знаеше дека не е обезбеден поширок консензус по ова прашање, посебно со албанската опозициона партија и некои политички партии на помалите етнички заедници. Ваквиот пристап дополнително ја отежнува и онака комплицираната ситуација. Ваквата ситуација мора да се надмине. Друга алтернатива нема. Маргинализирањето на опозицијата по вака важна проблематика, може да има сериозни последици по политичката стабилност во земјата. Токму од тие причини дијалогот е неизбежен и тоа отворен, конструктивен и со меѓусебно почитување.

Би сакал со неколку реченици да се осврнам на уште едно многу важно прашање, а тоа е прашањето околу давање на информации, податоци и известувања, особено оние со соодветен степен на класификација, став 3 од член 10. Тие, по мое длабоко убедување мора да бидат достапни до Народниот правобранител, институција надлежна за заштита на правата и слободите на човекот и граѓаните, дотолку повеќе што со Законот за Народниот правобранител, органите на државната управа, вклучително и Министерството за внатрешни работи се должни на Народниот правобранител да му ги достават сите податоци, информации и докази, без оглед на степенот на доверливост. За жал, законот не предвидува таква можност за информациите со соодветен степен на класификација. На овој начин институцијата Народен правобранител не може ефикасно да дејствува доколку нема валидни информации за евентуално пречекорување на полициските овластувања.

Во Законот, во процедурата на избор на носителите на полициските функции во неколку наврати се користи терминот транспарентна постапка без да бидат дефинирани критериумите потребни постапката на изборот да биде позначајна како трансперентна, член 17 и член 22. Во тој контекст амандманот на госпоѓата Роза Топузова Каревска предизвика ричици целодневна расправа.

Сакам да истакнам дека критериумите неопходни за да се минимизираат политичките влијанија при изборот на носителите на функции во полициските структури, појава која во претходниот парламентарен состав толку ревносно беше критикувана од тогашната опозиција.

Денеска за жал сме сведоци на политизација при изборот на носителите на функции на сите нивоа вклучително и во Министерството за внатрешни работи, таа досега и до личностите кои се докажани во својата стручност, професионалност и компетентност.

Понатаму, во законот многу работи кои би требало да претставуваат законска материја за жал се регулираат со подзаконски акти. На седницата на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на прашањето кои се надлежностите на полициските станици и овластувањето на командирот на полициската станица, од владиниот претставник добив одговор дека тие ќе бидат регулирани со подзаконски акти. Тоа значи дека за прашањата за кои се водела неколку дневна расправа во Охрид истите ќе бидат регулирани со подзаконски акти. Ова по мое длабоко убедување не е во духот за Рамковниот договор од Охрид и комплетно ја дерогира улогата на полицијата на локално ниво. Впрочем се поставува прашањето зошто тогаш во изборот на командирот на полициската станица е потенцирана улогата на советот на општината кога со закон не се дефинирани неговите права и обврски и зашто воопшто командирот на

полициската станица ќе го информира советот на општината кога јасно не се дефинирани неговите овласлтувања. За жал Предлог законот со ни една одредба не ги регулира овие прашања. Длабоко сум убеден дека ваквите недоречености ќе имаат последици во функционирањето на полицијата на локално ниво.

Почитуван господин претседателе, почитувани пратеници,

Се обидов да ги изнесам забелешките на Демократската партија на турците на Предлог законот за полиција кои спаѓаат во доменот на концептуални забелешки без да навлезам во номотехниката на законот бидејќи на самиот почеток реков дека гледано од технички аспект законот претставува солидна правна основа за квалитетна расправа во Собранието на Република Македонија. Токму поради овие концептуални разлики се обидов да ги објаснам моите импликации на законот врз ефективната заштита на правата и слободите на граѓанинот гарантирани со Уставот и меѓународните правни иструменти. За жал во тој дел законот не ги исполнува стандардите потребни да се оквалификува како квалитетен закон за полиција. Од друга страна законот концептуално и содржински недоволно го рефлектира мултиетничкиот карактер на македонското општество кое по мое длабоко убедување е еден од најбитните услови за една модерна функционална демократија.

Трето што по мене е клучното прашање, не е тоа дали ќе се изгласа законот или не, дали за тоа е потребно Бадинтеровото мнозинство, или не, за кое веќе го изнесов својот став, туку Макијавелистичкиот пристап во решавањето на вака битни прашања, што е, како што се вели, целта ги оправдува средствата. Тоа не е добро за Република Македонија. Не е добро, со произволни толкувања на уставните одредби и утврдените процедури да се донесуваат закони од ваков карактер. Тоа води до силна етничка поларизација, затварање во сопствените етникуми, што е најмалку потребно во овие моменти за Република Македонија. Република Македонија е држава со мултиетничко општество и специфични етнокултурни карактеристики. Во неа со векови се негувал еден специфичен облик на интеретничка комуникација што не се прекина дури ни при конфликтот 2001 година. Затоа и конфликтот траеше и кратко и не прерасна во голема трагедија. Поради ваквиот специфичен облик на интеретничка комуникација, на овие простори останале голем број на етнички заедници. Токму од овие причини се потребни преговарања, договарања, усогласувања на ставовите, со еден збор, дијалог. Друга алтернатива нема. Зарем навистина сметате дека одлуките во чие донесување не учествувале поголемиот дел од претставниците на албанската заедница, како и претставниците од турската и српската заедница, имаат целосен легитимитет и се најдобро решение за Република Македонија, дури и да се донесени со строго почитување на процедурата. Тие краткорочно ќе донесат одреден бенефит, но долгорочно ќе направат уште поголеми проблеми.

Почитувани колеги, после забелешките што ги изнесов по Предлог законот за полиција, верувам дека во текот на натамошната расправа ќе бидат елаборирани и критички опсервирани и многу други прашања од сферата на полициските овластувања. Верувам дека расправата прецизно ќе ги дефинира областите каде законот има бројни недоречености и слабости, што би можело да остави простор за поинакви толкувања и можни пречекорувања на овластувањата. Освен тоа играњето на картата на што поскоро донесување на законот, за жал може да оди на штета на квалитетот на законот. Неговото неприфаЌање од одредени заедници е доволна причина истиот да се повлече, да се доработи, преку политички дијалог да се обезбеди што поголема поддршка за истиот, за потоа повторно да влезе во парламентарна процедура. Доколку за тоа нема подготвеност, предлагам оваа расправа да се третира како прва фаза, за да се остави простор со дополнителни консултации и со прифаќање на одредени сугестии од опозицијата, да се постигне, речиси, консензуална согласност за законот.

Прифатените амандмани, особено оние на колешката Роза Топузова Каревска и колешката Весна Јаневска се чекор напред во подигнувањето на квалитетот на законот. Впрочем основната цел на законите е, во најголема можна мера да бидат во интерес на граѓаните. Верувам дека ние тоа можеме да го направиме.

Благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Поради мои протоколарни обврски, паузата ќе ја дадам порано. Продолжуваме во 15,00 часот.

(Пауза до 15,00 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,02 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за Полицијата.

Има збор господинот Блерим Беџети.

**Блерим Беџети:** Ви благодарам господине Георгиевски.

Почитувани присутни, ние и во текот на денешниот ден расправаме за Предлог-закон кој што е од исклучителна важност, барем јас и парламентарната група на Демократската унија за интеграција и Партијата за демократски просперитет така сметаме дека е од исклучителна важност за граѓаните, заедниците и за државата во целост. Јас не сакам да ги потценам и другите закони кои што се донесени и ќе се донесат. Затоа уште еднаш ќе нагласам дека овој закон

сметаме дека е од исклучително значење. Кога го велам ова ќе настојувам да аргументирам дека во минатото органите за внатрешни работи многу застранувале од улогата што би требало да ја имат во државата, посебно во држави со мултиетничко општество за да бидат сервис на граѓаните, или на услуга на граѓанинот. Минатото ни говори за едно горко искуство, органите за внатрешни работи се гледале како, всушност службениците на органите за внатрешни работи и воопшто Министерството за внатрешни работи се гледало како апарат на присилба и репресија кон граѓаните на Република Македонија, посебно на некои заедници кои што живеат во Република Македонија. Затоа почитувани присутни ние уште на почетокот како парламентарна група се изјаснивме дека имаме концептуални разлики за овој Предлог-закон понуден од предлагачот. Разликите се концептуални со предлагачот на овој Предлог-закон со самиот факт што јас како пратеник на Партијата ДУИ во коалиција со ПДП, всушност бевме во предизборна коалиција и сега функционираме како заедничка парламентарна група со ПДП. Всушност во минатиот мандат албанската партија на власт со самиот факт што не се согласила и оваа парламентарна група има конзистентен пристап околу забелешките за Предлог-законот за кој што расправаме и кој што е пред нас и ние се понадевавме дека мнозинството ќе има разбирање и ќе се стави во служба на еден подобар Предлог-закон со самиот факт што би се повлекол овој Предлог уште порано, иако и сега не е доцна да се повлече Предлог-законот и да се врати повторно во комисиите, или во Собранието. Меѓутоа оваа работа досега не се случи. Се надевам дека ќе се случи во иднина. За една подобра иднина за Република Македонија и за нејзините граѓани задолжително се бара една сериозна одговорност и зрелост, а и овој Предлог-закон да биде во духот на Охридскиот рамковен договор кој што договор на Македонија и обезбедува едно безбедно патување без алтернативи. Охридскиот договор ни ја обезбедува иднината на државата и овозможува интеграција на државата кон евроатлантските структури. Затоа одредбите од законот за Полиција треба да се засноваат во согласност со одредбите кои што произлегуваат од Охридскиот договор и да бидат во можен оптимум со меѓународните стандарди. Секако и со препораките на ОБСЕ за Полицијата, во мултиетничките општества како што е и нашата држава Предлог-законот кој што се наоѓа пред нас повеќе од евидентно е и повеќе од јасно е дека не го одразува мултиетничкиот карактер на државата уште од општите одредби на функционирање на Полицијата до нејзината улога во општеството, односно во секојдневието. Овој Предлог-закон задолжително во себе треба да содржи позитивна тенденција. Ќе нагласам повторно, значи треба да содржи во себе позитивна тенденција на градење и зајакнување на мултиетничкиот карактер на структурите на безбедноста во согласност со основните начела на Охридскиот договор. Дека имаме концептуални разлики со предлагачот, ние како парламентарна група се обидовме сите постапки кои што се одвиваа досега, значи во текот на сите тие постапки да го дадеме нашиот придонес барем да се избегнат, или да можеме да се приближиме до ставовите. Иако имавме начелен став дека преку амандманите ние нема да можеме да го измениме концептот на законот, односно суштината на законот за кој што ние мислиме дека задолжително треба да ги поседува, значи овие забелешки секогаш во духот на Охридскиот договор. Ќе се обидам со неколку сегменти да аргументирам зошто е вака. Јас реков дека актуелниот Предлог-закон не претставува одржлива основа за градење на еден систем кој што би бил реформиран систем на безбедноста, нешто што се бара од Македонија со меѓународни стандарди. И воопшто не е логично едно вакво брзање во согласност со недостатоците кои што ги поседува овој закон, закон кој што треба да биде во оптимална согласност со меѓународните стандарди. Дека Предлог-законот не ги одразува одредбите од Охридскиот договор е повеќе од евидентно и за ова знае и пошироката јавност. И се надевам дека и ние кои што сме присутни тука во оваа сала со самиот факт што Предлог-законот за Полиција е во однос на јазиците нешто што овој закон не го уредува, значи законската употреба на албанскиот јазик, а има елементи од децентрализацијата, културата и тн. Значи, добриот ден требаше да се познае по утрото. И кога почна расправата за овој Предлог-закон и во поранешните фази, не само во општата расправа, требаше да важи најголемото достигнување на Охридскиот договор, односно на Македонија, требаше да важи двојното гласање како достигнување кое што е исклучително големо достигнување и е поздравено од сите центри каде што ние сакаме да станеме членки. Почитувајќи го начелото на двојното гласање, ние ќе ги елиминиравме сите видови на грижи дека тука не се работи за мајоризација. А воопшто не треба ни да има мајоризација, затоа што Предлог-законот за кој што расправаме треба да се спроведе подеднакво за сите граѓани на Република Македонија без разлика на нивната етничка припадност. И токму ова, тоа е и се рече, доколку не грешам, значи се кажа и од самиот предлагач дека овој Предлог-закон ќе се донесе со двојно мнозинство. Меѓутоа, зошто дојде до таа промена, јас не знам. Сигурно знае тој што го кажа тоа. И ќе биде добро доколку го размисли тоа. Како што нагласив Предлог-законот не го уредува службеното употребување на албанскиот јазик, значи заедницата која што јас ја претставувам, а во самиот Устав е нагласено дека еден етникум кој што е 20% од населението, значи тој јазик што го користи таа заедница е службен јазик. Јас сум свесен дека сеуште нема закон за употребата на јазиците во Република Македонија. Меѓутоа, бидејќи се работи за значаен закон требаше да

внимаваме овој сегмент да го инкорпорираме во овој Предлог-закон. Затоа што со право законот за Полиција треба да го содржи концептот на многујазичноста како што е и самата реалност на нашата држава, на нашата земја каде што живееме сите заедно. Самиот факт што во оваа земја се говорат повеќе јазици и има и јазици што се и над 20%, јазик на некој етникум кој што етникум не припаѓа на мнозинскиот етникум. Во Македонија доброто уредување на јазичниот аспект е значаен предуслов пред се кој комуницирањето и соработката во полициската служба како и меѓу полициската служба и народот, населението ќе биде комплекс, а нема да биде продуктивно и секогаш ќе создава аномалии и нема позитивна тенденција за подобрување на ситуацијата со овој Предлог-закон и се плашам дека и овој Предлог-закон што се наоѓа пред нас ќе биде неприфатлив за многу граѓани на Република Македонија. Дека службената употреба на албанскиот јазик ќе беше во функција на еден пореформирачки закон, затоа воопшто не сакам ниту да спорам. Но требаше во овој Предлог-закон да се предвиди и вработувањето на персоналот, двојазичен персонал, или пак во неколку општини каде што се говори и друг јазик кој што нема 20%, или пак помалку, значи со секоја почит за сите заедници и етникуми што живеат во Република Македонија, значи патролирањата ќе требаше да бидат такви што во нивниот состав ќе се одразеше реалноста. Значи, ќе се одразеше реалноста таква каква што е во Република Македонија.

Почитувани присутни, ние овој факт не можеме да го избришеме од нашите глави. Јас не сакам да кажам дека можеби сигурно некој тоа ќе го разбере како закана, меѓутоа кога ќе ги потсетиме некои наши колеги кои што не сакаат да разберат зошто се случи Охридскиот договор. Исто така, во текот на употребата на албанскиот јазик доколку се вклучеше, се инкорпорираше овој Предлог-закон, сигурно ќе се предвидеа и ознаките на Полицијата кои што ќе требаше да бидат напишани на два јазика. Комуницирањето со населението претствува чувствително прашање и значајно прашање во областа на безбеноста. Полицијата во мултиетничките општества треба да располага и треба да регрутира многујазичен персонал секогаш за да се обезбеди колку што е можно поефикасна услуга и соработка со населението. Во спротивно ќе се случи тоа што се случувало во минатото и дека минатото не било така како што ние настојуваме сега да биде. Затоа што само многујазичната полиција може да игра проактивна улога и да ги поттикне заедниците, да им помогне во вршењето на работите и во соработката со нив, секако со доверба. Доколку беше предвидено така како што треба да биде, значи употребата на албанскиот јазик ќе беше многу полесно и во текот на полициските операции. Една од тие можности е и приредувањето, информативните разговори, иако во законот е предвидено кога ќе се приведе лицето да се обрати на јазикот кој што го говори, значи на мајчиниот јазик. Ќе беше добивка во согласност со реалноста која што постои во Република Македонија затоа што тоа е и целта Полицијата во мултиетничките општества да ја има основната улога во спречувањето и во управувањето на етничките конфликти. За жал, нашето минато го има и ова како искуство. Затоа во согласност со меѓународните стандарди Полицијата во овие држави треба да се обучи за да игра позитивна улога при градењето на меѓуетничките односи. Законот за Полиција во Република Македонија треба да се заснова врз основните начела, уште еднаш ќе нагласам, врз основните начела на Охридскиот договор како рамка за уредување на етничките конфликти во др1авата и посебно да ги содржи овие начела.

Значи правичното и соодветно застапување, кое во овој Предлог-закон не е уредено, не е нагласено дека треба да има правично и соодветно застапување на немнозинските заедници во согласност со нивниот процент на застапеност, бидејќи со една правична и соодветна застапеност во составот на полицијата во мултиетничките општества, какво што е и Република Македонија, полицијата тогаш претставува основен столб, главен столб и функционален столб на еден добар однос меѓу полициската служба и населението. Овој закон треба да содржи принудни одредби за реализирање на правичното и соодветно застапување на сите нивоа на структурата и исто така треба да утврди и иницијативи и конкретни постапки, преку кои ќе се постигне правичното и соодветно застапување на заедниците кои се помалку застапени во полициските служби. Сите ние знаеме дека со Охридскиот договор има позитивна тенденција на пораст на бројот на службениците во органите за внатрешни работи, во Министерството за внатрешни работи, кои не припаѓаат на мнозинскиот етникум, но тоа не е доволно. Задолжително треба да се реализира и тој реален оптимум кој што е во Република Македонија. Ние се обидовме со сите демократски постапки кои се дозволени, се обидовме и преку нашите амандмани да придонесеме за еден подобар концепт за овој Предлог-закон, меѓутоа, за жал, тие не беа прифатени. Иако прво рековме дека ние нема да поднесуваме амандмани, меѓутоа, со самиот факт што овој Предлог-закон, изготвен од поранешната влада, повторно во постапката на поднесувањето на амандманите имаше значителен број амандмани предложени од пратениците, со тоа што тие го користеа нивното право и тоа покажува уште еднаш дека во нормативниот дел на многу места овој Предлог-закон дозволува можност, остава можност на поинакво толкување на законот, а не така како што е карактерот на нормата.

Јас ќе се обидам да повторам неколку членови кои беа тема на расправа, меѓутоа, не беа прифатени. Тоа се однесува на амандманите.

Доколку го гледаме членот 8, каде што се говори “доколку лицето кон кое се применети полициски овластувања согласно овој закон смета дека полицискиот службеник ги повредил неговите слободни права, има право на преставка до полицијата”. Во следниот став се вели дека полицијата е должна да изврши проверка по наводите во претставката од став 1 на овој член и во рок од 30 дена од денот на приемот на преставката во писмена форма да го извести подносителот за преземените мерки. Доколку го анализираме следното, значи следната забелешка, ќе видиме дека овој член не е во согласност со стратегијата за полицијата, каде што се вели дека треба да има рок до 36 месеци а тука тоа не е нагласено во членот 8, рок за покренување на постапка сметајќи од денот кога се случил настанот. Значи ова не е предвидено во членот 8 од Предлог-законот.

Во членот 20 се вели: “За вршење на полициските работи на територијата на Република Македонија се формираат сектори за внатрешни работи” и тука се наброени секторите кои би се основале според овој Предлог-закон. Според овој закон, за поефикасно функционирање на полицијата, Македонија треба да се подели на осум сектори за внатрешни работи и доколку се анализира оваа поделба, ќе се види дека не е почитуван ниту еден критериум, ова е направено со позадина, општините со албанско мнозинско население да бидат контролирани од секој аспект на директен начин од министерот за внатрешни работи преку овие сектори. Како што е познато, Република Македонија има едностепен систем на локална власт. Тука преку ноќ се формираат и региони, што не е во согласност со Законот за локална самоуправа. Во утврдувањето на овие сектори се гледа јасно и позадината со која се настојува да се контролираат албанските општини, а типичен пример за ова е Секторот за внатрешни работи за кој многу се говореше и се надевам дека ќе имате разбирање, доколку и јас повторно кажам за тоа. Се работи за Секторот за внатрешни работи - Охрид, кој што ги опфаќа и општините Дебар, Центар Жупа, Струга, Кичево заедно со Осломеј и Зајас. Се разбира дека лицето кое што ќе раководи со овој сектор ќе го именува министерот за внатрешни работи и понатаму може да управува со безбедносната состојба со општините населени со Албанци. Која е интенцијата или целта на предлагачот на овој Предлог-закон? Доколку етнитетите односно албанскиот етнитет, кој што не е мнозинство во Република Македонија од една страна да има своја локална власт, од друга страна законот за полиција, кој што исто така би требало да биде многу близок со граѓаните. Граѓаните така како што би се соочувале со своите проблеми, би се обратиле до општините кои би останале без ниту една надлежност, вака како што е сега уредено, луѓето ќе бараат сметка и од градоначалниците и од општинските совети, а некој сосема трет ќе ги именува и тој што ќе ги именува, нему ќе му одговараат, нему ќе му полагаат сметки. Дискриминација од овој аспект продолжува. Факт за тоа е што ќе има 38 полициски станици со општи надлежности и само 5 од овие полициски станици ќе бидат - говорам за граѓаните кои ги претставувам затоа што имам право да давам позитивни мислења во секое време - значи само само 5 од тие полициски станици ќе бидат во општините со албанско мнозинство.

Почитувани присутни, ова се тие концептуални разлики кои ги кажав на почетокот. Ова се тие разлики за кои велиме дека овој Предлог-закон не е во духот на Охридскиот договор, не е во согласност со реалноста на една мултиетничка земја како што е Македонија и не може да се толерира во едно демократско општество, од една страна да се дава, од друга страна да се одзема. Тоа е еднакво на нула, доколку го пресметаме тоа. Даваш една општина да биде колку што е можно подалеку од органите за безбедност. На пример, јас доаѓам од општина Сарај која што има околу 45 илјади жители. Кои се податоците од предлагачот на Предлог-законот дека општина Сарај не треба да има полициска станица? Јас сум сигурен и воопшто не се сомневам, доколку општината Сарај од каде доаѓам јас, општина Студеничани и т.н., доколку има полициска станица граѓаните од тие општини ќе беа исто така поблиску како што се блиску со локалната власт. Затоа, предлагачот на овој Предлог-закон сакал да води сметка и за овие прашања, затоа што тие се чувствителни.

За членот 23 беше нагласено дека не се предвидени како што треба полициските станици од општа надлежност и сега ќе се обидам на општ начин да кажам дека не се јасни и не се прифатливи, односно не се во согласност со духот на Охридскиот договор и изборот на првите луѓе на овие полициски станици. Апсурдот кој што се предлага со овој закон е прашањето на граничната полиција и центрите каде што се нивните команди за да биде апсурдот уште поголем, за источната граница центарот е во Делчево, за северната центарот е Скопје, за јужната во Кавадарци, додека за западната граница повторно е во Охрид, таму каде што беше и Секторот за внатрешни работи, како еден од тие 8 сектори што се предложени. Можеби треба да биде пофункционален, командите да бидат поблиску за да можат да соработуваат подобро. Можеби тоа беше причината, меѓутоа, не е оправдано. Не знам која е причината овој закон да биде поддржан, доколку е вака, а вака е. Која е причината да се поддржи законот и да има етнички консензус овој закон? Освен тоа што нема етнички консензус, нема ни политички консензус, меѓутоа, тоа е прашање за себе. Заобиколувањето или непочитувањето на етничкиот консензус за донесувањето на законот е многу штетна работа, во прв ред за предлагачот кој што настојува да прокламира реформатоска политика во сите сегменти на живеењето на граѓаните во Република Македонија. Јас се

плашам дека ќе продолжи ова парламентарно мнозинство и со другите закони да се однесува така, меѓутоа, за нив ќе говориме кога ќе дојде време за тоа.

Исто така, во членот 47, каде што се вели дека приведувањето без писмена наредба може да се изврши на лица чиј идентитет треба да се утврди, за кои е распишана потерница - ова е во ред - или пак затекнати во извршување на кривично дело и затекнати во извршување прекршок со елементи на насилство. Значи, во овој член се предвидува приведување на граѓанин без писмена наредба, каде меѓу другото треба да се утврди идентитетот на лицето. Јасно е дека овој член не дефинирал како што е потребно или пак на прецизен начин во кој случај може да се приведе или притвори граѓанин без потерница. Вака како што е дефинирано, значи недобро дефинирано, директно ќе го засегне достоинството на човекот. Исто така, сметам дека оваа точка од овој член е во спротивност и со меѓународните конвенции за правата и слободите на човекот.

Потоа на предлагачот на Предлог-законот сигурно му е јасно дека во Република Македонија, освен граѓаните кои живеат во Републикава, има движења и циркулираат луѓе и граѓани кои не се граѓани на нашата држава. Доколку полицијата е сликата или одразот или столбот на секоја држава, тогаш сметам дека е во интерес на предлагачот да го повлече овој Предлог-закон и да си даде време да подготви закон кој би бил подобар и во согласност со реалноста во Македонија, во согласност со духот на Охридскиот договор и во согласност со меѓународните стандарди, каде што години по ред како држава се обидуваме и инвестираме и ние за да бидеме и ние дел од Европската унија, НАТО и т.н.

За членот 65 во амандманската постапка имаше предложени амандмани за снимање на јавни места. Во членот се вели: “Под снимање на јавни места во смисла на овој закон се подразбира траен аудио и видео надзор над јавните места каде зачестено се извршуваат кривични дела или прекршоци со цел за нивно спречување; кога постои опасност на јавните собири да се загрози животот, здравјето на луѓето и имотот, полицискиот службеник е овластен да изврши видео снимање или фотографирање на јавниот собир. Намерата за спроведување на снимање на јавните места и собири пред започнување со активности, полицијата може јавно да ја соопшти”. Во последниот став се вели дека снимените материјали од став 1 и 2 на овој член се чува во полицијата 6 месеци, по што материјалот се уништува, освен материјалот што претставува доказ во кривична или прекршочна постапка, со кој се постапува согласно законот.

Сите ставови, меѓутоа ниту еден сам по себе не го вклучува или не го разјаснува тоа што треба да го карактеризира околу активноста на снимање од страна на полицијата.

Како разултат на сето тоа треба да се дифинира, да се говори за снимање на јавни места и колку може да трае тоа што значи може да дојде до злоупотреба од страна на соодветните органи.

За жал, сведоци сме, на разни прислушкувања кои се случиле во минатото, прислушкувања кои биле против законски, затоа не случајно се говореше и се бараше да се разјасни што се подразбира под тоа јавни места. Доколку во овој закон не се дефинира, тогаш работите во полициските органи ќе одат така како што оделе и како што одат. Дека во многу членови на овој Предлог закон не се прецизирани работите, имавме прилика да видиме и порано, кога работите не се дефинирани со закон или со подзаконски акти, тогаш имаме сомнение за разни манипулации, како што се случувало.

Членот 97 исто така вели: полицискиот службеник заснова работен однос врз основа на јавен оглас на начин и под услови утврдени со овој закон.

Вториот став вели: по исклучок работен однос без јавен оглас се заснова за работни места утврдени со актот за систематизација на работните места во полицијата и за стипендисти на Министерството, завршени студенти на Полициската академија.

Ова е во однос на она што велиме дека треба да се прецизираат работите подобро за едно соодветно застапување на сите ентитети во Министерство за внатрешни работи. Бидејќи имало злоупотреби, тоа сите го знаеме, не се почитувало ова и како резултат на тоа по Охридскиот договор албанците почнаа да стануваат дел на Министерство за внатрешни работи. Доколку останеме само со овој став каде се вели по исклучок работен однос без јавен оглас се заснова за работни места утврдени со актот за систематизација, јасно се гледа дека предлагачот нема позитивна тенденција во членовите кои се дел од овој закон, да предвиди посебен член или посебен дел од некој член да биде правичната и соодветна застапеност.

Меѓутоа, се остава простор за стипендисти, завршени студенти на Полициската академија за кое имам почит затоа што ценам дека се професионални кадри. Секако дека и на тие полициски академии треба да се води сметка за правична застапеност, согласно мултиетничката реалност на Република Македонија.

Ова беа некои од членовите кои во овој мој обид ги засегнав за да дојдат до слухот на предлагачот на овој закон.

Сметам дека има време да се разгледа повторно и професионалното мислење околу овој Предлог закон предлагачот да направи посериозна анализа на нашите забелешки како парламентарна група, меѓутоа, и како пратеници поединечно секогаш имајќи предвид дека сме парламентарна група со неоспорен легитимитет на албанцита во Република Македонија. Доколку ги имаме нашите забелешки, за жал, врз основа

на концептуални разлики, тоа значи, барем јас така ценам, дека за овој Предлог закон треба да се седне и да се разговара за да биде прифатлив за сите ентитети во Република Македонија, ова Собрание може и да го донесе овој Предлог закон, говорам хипотетички, меѓутоа, дали е тоа достигнување на Република Македонија? Достигнувањето би било да донесе закони кои не соодвествуваат со волјата на мнозинството избрани од албанците во Република Македонија.

Затоа реков дека добриот ден се познава по утрото, затоа што задолжително треба да се почитуваат работите кои треба да се почитуваат. Дека има време за една ваква работа за да се повлече законот е повеќе од евидентно со самиот факт што овој закон цела година нема да влезе во сила и неразбирливо е, несфатливо е зошто е брзањето и инсистирањето по секоја цена, колку е можно побрзо, а не критериум да биде другиот услов, квалитетот, реформата и прифатливоста за сите ентитети. Сметам дека е вака со самиот факт што самиот предлагач што во согласност со законот и процедурите кога расправавме предлагачот понуди амандмани за намалување на цензусот предвиден за да стане началник на сектор, итн. Тоа јасно докажува дека овој Предлог закон треба да се доработи и ова паралментарно мнозинство треба да ја сноси одговорноста и да понуди свој производ, продукт во согласност со волјата изразена на слободни, демократски, непосредни избори со самиот факт што партијата на власт во текот на изминатиот мандат го одби овој закон. Ние може да дискутираме за многу членови кои се спорни, меѓутоа, кога имаме спорни за дебели линии или битни точки од овој закон, верувајте дека се губи смислата за расправа за членови кои исто така се многу спорни. Значи, имаме дополнителни забелешки за членови кои не ги ни спомнавме.

Се надевам дека предлагачот на законот ќе има смелост за доброто на земјата и нејзините граѓани дефинитивно да го повлече овој закон од парламентарна процедура. За сега благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за Танчева-Тулиева Надица.

**Надица Танчева-Тулиева:** Претседателе, би му реплицирала на претходниот дискутант.

Имено, бидејќи сите ние претендираме да бидеме дел од Европската унија и НАТО, токму од тие причини треба да го донесеме законот за полиција со еден широк консензус. Сметам дека ние сме доста колегиални пратениците од позицијата и им даваме еден огромен простор на колегите од опозицијата, токму со своите дискусии да ги искажат ставовите околку Предлог законот за полиција.

Претходниот дискутант зборуваше за многу концептуални разлики во Предлог законот за полиција кои фактички не постојат. Јас се надевам дека мојот почитуван колега добро го прочитал и проучил законот така што не би требало да се зборува за такви концептуални разлики од негова страна кои не постојат. Имено, тој зборува дека јазичната бариера ќе направи многу проблеми кон припадниците на заедниците и дека граѓаните од сите заедници треба правично да бидат застапени, а всушност овие концептуални разлики се регулирани со членовите во Предлог законот за полиција членот 34 кој вели дека при примена на полициските овластувања, повикување, приведување и задржување, полицискиот службеник мора веднаш да го извести лицето на јазик што го разбира. Или во членот 96 кој вели при вработување во полицијата треба да бидат соодветно и правично застапени граѓаните кои припаѓаат на сите заедници со почитување на критериумите на стручност и компетентност.

За позитивната тенденција почитуван колега за која зборувате во Предлог законот за полиција, да навистина постои, имено се усвоија амандманите од главата за намалувње на годините на работно искуство во полицијата и сето тоа е направено со цел токму припадници на националностите да можат да се најдат на раководни позиции во полицијата и врз основа на мерит системот да напредуваат по кариерата, што до сега тоа не беше случај. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Блерим Беџети, контра реплика една минута.

**Блерим Беџети:** Благодарам почитувана колешке, после толку широка ограда ми овозможувате мене и на пратениците од ДУИ и ПДП, меѓутоа, сепак мислам дека вие не сте таа што е надлежна да ни овозможи, не сте компетентна. Дека има концептуални разлики меѓу легитимно избраното мнозинство на албанците и легитимно избраното македонско мнозинство е повеќе од евидентно дека ова ние го знаеме најдобро за прашања кои ги засегнуваат граѓаните албанци затоа што ние сме нивните избраници и треба да ги штитиме нивните права.

Ова не е обврска и ние се обидуваме да ја извршиме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Ајше Селмани.

**Ајше Селмани:** Ви благодарам.

Почитувани колеги пратеници, почитуван господине Георгиевски, пред нас имаме еден Предлог закон, значи закон за полиција, закон кој, според мое мислење, е од големо значење, бидејќи уредува прашања кои се доста чувствителни и од големо значење како за граѓаните така и за самата Република Македонија.

Секако дека со носењето на секој закон, но и на овој Предлог закон треба да се има предвид дека законот треба да биде во согласност со Уставот, да биде во согласност и со други закони кои се донесени во ова Собрание на Република Македонија.

Исто така треба да биде во согласност и со другите документи, значајни документи, меѓу кои е и документот Охридскиот рамковен договор. Духот на овој договор треба да се одрази во самата полиција, бидејќи полицијата во целост ја отсликува сликата на една законодавна и правна држава. Под ова подразбираме дека колку полицијата ги почитува законите во една држава толку и државата се карактеризира колку е правна држава.

Од друга страна за нас како држава имаме еден услов за интеграција на Република Македонија во НАТО структурите и поради ова имаме реформи кои треба да се развиваат во безбедностниот сектор кој го опфаќа Министерство за внатрешни работи и Министерството за одбрана. Од тоа што може да се види во прв ред можам да констатирам дека Министерството за одбрана може да биде чекор понапред во однос на реформите во Министерство за внатрешни работи. Можам да констатирам еден застој од овој аспект од страна на Министерство за внатрешни работи, но и покрај тоа ова не значи дека немаме реформи во ова Министерство и во самата полиција. Реформите течат на еден начин, но не со таа динамика која можеби ние како граѓани на Република Македонија би ја посакувале да тече. Затоа овој закон треба да донесе една таква динамика, едно забрзување на реформите во секторот за внатрешни работи, јас мислам дека во целост на овој Предлог закон му недостасува едно такво нешто. Затоа ние сме толку одлучни овој Предлог закон да се повелче, да се одработи со помош на стручњаци и истовремено со помош на сите нас кои сме овде во кратко време повторно да се предложи во ова Собрание во согласност со сите да се донесе исполнувајќи ги потребите на сите граѓани, бидејќи едно такво нешто ќе ја помогне интеграцијат на Република Македонија во Евроатланските структури.

Во продолжение јас ќе се концентрирам моето излагање да биде во однос на законот за полиција и ќе се концентрирам на моите забелешки во однос на овој Предлог закон за кој мислам дека има недоречености и истовремено ќе направам осврт на неколку члена за кои навистина мислам дека треба да се интервенира во истите.

Ќе почнам со членот 8 од овој Предлог закон каде стои:

Кога лицето кон кое се применети полициските овластувања, согласно овој закон, смета дека полицискиот службеник ги повредил неговите слободи и права, има право на претставка до полицијата. Полицијата е должна да изврши проверка на наводите во претставката од став 1 на овој член  и во рок од 30 дена од денот на приемот на претставката во писмена форма да го извести подносителот за преземените мерки.

Овој член, по мое мислење, е од големо значење, бидејќи го дифинира начинот на однесувањето на полицијата доколку таа ги пречекори предвидените обврски. Овде стои дека во рок од 30 дена лицето кое мисли дека му се повредени слободите и правата има право да постапка до полицијата, но не се дефинира јасно до кој орган треба да се обрати лицето, бидејќи се додека повредата на слободите и правата на човекот го направил еден сектор на полицијата или некоја полициска станица, тогаш како може да се разбере до истиот орган да му се обрати со претставка.

Продолжувам со членот 20 од овој Предлог закон за полиција кој вели: за вршење на полициските работи на територијата на Република Македонија се формираат сектори за внатрешни работи. Секторите за внатрешни работи се формираат во зависност од големината на подрачјето, бројот на населението, бројот на кривичните дела и прекршоците, како и значењето на патните правци и географската положба на општините кои ги зафаќа секторот за внатрешни работи.

Иако моите колеги не продолжија да го читаат во целост овој член, јас ќе се потрудам да го прочитам, колку за информација на граѓаните.

Сектори за внатрешни работи, согласно овој закон се:

Сектор за внатрешни работи Скопје со седиште во Скопје за вршење на полициски работи на подрачјето на градот Скопје и општините: Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани и Чучер-Сандево.

Сектор за внатрешни работи Битола, со седиште во Битола за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Битола, Демир Хисар, Долнени, Крушево, Кривогаштани, Македонски Брод, Могила, Новаци, Пласница, Прилеп и Ресен.

Третиот сектор, Сектор за внатрешни работи Велес, со седиште во Велес за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Велес, Градско, Демир Капија, Кавадарци, Неготино, Росоман и Чашка.

Сектор за внатрешни работи Куманово, со седиште во Куманово за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Кратово, Крива Паланка, Куманово, Липково, Ранковце и Старо Нагоричани.

Сектор за внатрешни работи Охрид, со седиште во Охрид за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Вранешница, Вевчани, Дебар, Дебарца, Другово, Зајас, Кичево, Осломеј, Охрид, Струга и Центар Жупа.

Шестиот сектор, Сектор за внатрешни работи Струмица, со седиште во Струмица за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Гевгелија, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица.

Понатаму Сектор за внатрешни работи Тетово, со седиште во Тетово за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Боговиње,

Брвеница, Врапчиште, Гостивар, Желино, Јегуновце, Маврово и Ростуше, Теарце и Тетово.

Последниот сектор Сектор за внатрешни работи Штип, со седиште во Штип за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Лозово, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Свети Николе, Чешиново и Штип".

Според ова што го прочитав од овој член видовме дека Република Македонија, според овој член е поделена на осум региони. Додека пак, ако го прочитаме членот 23 од овој Предлог на закон се предвидува да се формираат 38 полициски станици од општа надлежност. Според мое мислење, имајќи ги предвид овие сектори, мислам дека во Законот за внатрешни работи треба да се дефинираат а не во закон за полиција. Затоа што освен полициските работи што треба да ги вршат овие сектори имаат и други управни работи.

Од друга страна, во однос на моите забелешки во врска со овие членови е дека во овие сектори за внатрешни работи има и полициски станици од општа надлежност, во кои што поделбата е направена на несоодветен начин, што значи не е направена на пропорционален начин, како што се нагласува во Законот. Не е направена и според бројот на жители и по населби. За да го докажам ова што го зборувам, колку за илустрација ќе ги спомнам разликите помеѓу полициската станица во Тетово и онаа во Штип само за да направам една разлика меѓу овие политички станици и во однос на бројот на жителите што ги опфаќаат.

На пример Секторот за внатрешни работи во Тетово има приближно 300 илјади жители, а има само две полициски станици. Приближно по 150 илјади жители на една полициска станица од општа надлежност. Во однос на Секторот во Штип, со приближно 200 илјади жители има седум полициски станици, со приближно 29 илјади жители на полициска станица. Овие податоци треба уште еднаш да се преиспитаат, бидејќи полициските станици од општа надлежност, освен работите што ги имаат за заштита на мирот и поредокот имаат и други обрски. Тоа се издавање лични документи за граѓаните, пасоши, лични карти, државјанство, изводи на родени итн. Тоа значи дека не е направена соодветна поделба на полициските станици. Според мене ова нешто треба да се земе предвид бидејќи навистина не загрижува фактот дека голем број на жители на граѓани ќе имаат проблеми во текот на земање на документи и ќе се отежни ефикасноста на работењето на овој Сектор.

Врз основа на ова што го кажав, отворањето на другиу полициски станици, нови полициски станици од општа надлежност или зголемување на бројот на сектори, ќе ја олесни управната работа во Министерството за внатрешни работи.

Продолжуваме со членот 50. Во овој член се вели: "Полицискиот службеник може да заврши лице за кое постои основно сомневање дека сторил кривично дело за кое се гони по службена должност, под услови и начин утврднеи со посебен закон, при што задржувањето може да трае најмногу 24 часови.

Полицискиот службеник може да задржи лице затечено при извршување на прекршок под услови и на начин утврден со посебен закон како и лице кое го нарушува или загрозува јавниот ред и мир, а, воспоставувањето на јавниот ред и мир или отстранувањето на загрозувањето не може да се постигне на друг начин.

Приведувањето од став 2 може да трае најмногу 12 часови.

Полицискиот службеник може да задржи лице под дејство на алкохол или други психоактивни материи под услови и на начин утврден со посебен закон при што задржувањето може да трае најмногу осум часови.

Лицето кое го испорачал странски орган на безбедност заради спроведување до надлежен државен орган, може да се задржи најмногу 24 часови. Задржувањето се прекинува веднаш по престанувањето на причините за задржување".

Според ова што го прочитав во членот 50 од овој Предлог на закон се говори за задржување што не треба да трае повеќе од 24 часа. Но, досегашната пракса укажува дека ова не се почитува секогаш и токму во овие 24 часови задржување се случуваат најголемите малтретирања, како физички така и психички.

Што ќе се случи доколку вработените лица во Министерство за внатрешни работи го задржуваат лицето повеќе од 24 часови во полициската станица? Кој ќе сноси одговорност? Пред кого ќе полагаат одговорност? Затоа е разумно да се дефинира што појасно овој член.

Во членот 88 од овој Предлог на закон, каде се работи за употреба на хемиски средства, се вели:

"Употребата на хемиски средства е дозволено во случаи од член 91 став 2 од овој закон, во случај на воспоставување на нарушен јавен ред и мир во поголем обем, како и заради извлекување на лица од затворен простор или заради решавање заложничка ситуација при што не смее да се загрози животот и здравјето на граѓаните.

Хемиските средства може да се употребат и во случај кога се исполнети условите од член 89 на овој закон".

Според овој член употребата на хемиски средства се дозволува во случај на воспоставување на јавен ред и мир, мислам дека и тука треба појасно да се дефинира, да не се остава простор за злоупотреба. Треба да биде јасно во кои случаи можат да се употребат овие хемиски средства.

Во членот 104 од овој Предлог на закон се вели:

"Полицискиот службеник по претходна согласност од министерот, а на предлогот на посебна комисија во Министерството може да изршува определени работи, самостојна или дополнителна

стопанска или професионална дејност што не е во судир со полициските работи.

Согласноста од став 1 на овој член министерот ја дава на начин и под услови утврдени со прописите за работни односи.

Полицискиот службеник дејноста од ставот 1 на овој член е должен да ја врши надвор од работното време во Министерството и начинот на вршењето на таа дејност да не влијае врз законското и правилно извршувзње на полициските работи".

Ако се вратиме на членот 13 каде што стои дека "полицискиот службеник е должен надвор од работното време да преземе неопходни мерки според околностите на службата заради заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните", ако ги анализираме тие два членови по внимателно ќе видиме дека навистина се во противречност. Еден вели дека вработените во полицијата можат да вршат одредени работи, стопанска дејност или стручна дејност, независна, надвор од работното време, додека во другиот член се вели дека вработенјите во полицијата се должни во секое време, што значи дека се зема предвид и времето надвор од работното време да преземаат неопходни мерки и да бидат подготвени да го заштитат животот на граѓаните и нивниот имот. Затоа мислам дека членот 104 треба во целост да се избрише бидејќи е во судир со членот 13.

Ова се приближно моите минимални забелешки во однос на овој Предлог на закон. Велам минимални, бидејќи има и многу други забелешки кои, ако почнам да расправам за нив, ќе ни требаат уште многу денови покрај ова што сме го дебатирале и расправале до сега, за да можам да ги елаборирам сите забелешки.

Затоа ќе го повторам мојот став, како и секогаш во текот на моите расправи во врска со предложените амандмани, навистина е краен момент и погоден момент да се повлече и измени овој предлог-закон, под услов да се изготви на начин да биде усогласен со Уставот, со Охридскиот рамковен договор со Законот за локална самоуправа и со Законот за внатрешни работи. Убедена сум дека со сите овие забелешки во однос на Предлог-закон што е од големо значење и разните расправи што се одвиваа во текот на овие денови, убедена сум дека овој закон во неговата примена нема да ги задоволи потребите на сите граѓани. Ние сме тука, наша единствена цел во оваа Собрание е да донесуваме квалитетни закони, бидејќи само така на Република Македонија ќе и обезбедиме достојна интеграција кон ЕУ и НАТО структурите.

Се надевам дека сите овие забелешки и укажувања ќе го убедат предлагачот на законот, конкретно госпогица Јанкуловска да го повлече Предлогот на законот, да го врати повторно во Собрание на разгледување, но се разбира во една друга форма. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Јашари Аднан.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам за зборот господине претседателе.

Уште на почетокот ќе нагласам дека ќе настојувам да бидам рационален, да не се повторувам во однос на тоа што веќе го имам кажано, го кажав во првата фаза, исто и во текот на втората фаза на почетокот на расправата меѓутоа во однос на она што го имам кажано во текот на расправана по однос на амандманите предфложени од некои од колегите по однос на текстот на предлогот на законот.

Во оваа насока, имајќи ја предвид расправата што се одвиваше не само во однос на предложените амандмани, туку и во однос на текстот на Предлогот на законот, лично дојдов до констатација дека овој текст, не само што има определени празнини, законски празнини, туку од тоа што го слушнав од некои колеги пратеници, констатирав дека нивното мислење е во однос на некои предложени одредби во текстот на Предлогот на законот е такво дека тие се нејасни, дека има определена нејаснотија. Додека, во контест на она, на некои од одредбите тие не се во согласност со уставните одредби и со амандманите на Уставот.

Наспроти нашата тенденција на процедурален начин, во согласност со тоа што е предвидено во одредбите од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, каде што на јасен и дециден начин се нагласува дека втората фаза, во неа може да се предложи во 60 дена после донесувањето или после утврдувањето на првата фаза, наспроти нашата тенденција да во оваа насока влијаеме за да може овој предлог-закон да се повлече од Собраниска процедура, сепак не ја постигнавме целта.

Од друга страна, наспроти другиот предлог што е во оваа фаза да не расправаме за текстот, да не расправаме - за Предлог-законот, туку како за прва фаза за да може на таксативен начин да ги нагласиме нашите забелешки што, секако дека се нагласени во текот на оваа фаза и во текот на Предлогот на законот и понатаму, предлагачот продолжува со тврдоглавоста, продолжува да дозволува да се расправа за текстот на овој предлог, иако уште еднаш ќе повторам, во текот на овие десет или повеќе денови колку што се расправа за него, било во постапката во однос на амандманите или во однос на текстот, кажани се сериозни забелешки, со силни аргументи. Како и да е, јас ценам, ќе повторам уште еднаш дека текстот на овој закон, во начело има многу празнини, иако од страна на предлагачот всушност сум слушнал лично дека овие празнини ќе се надополнат со подзаконски акти. Тие, нормално ќе се донесат било од Владата или пак ќе се донесат од страна на Министрството како орган во чии рамки е областа на полицијата.

Кои се забелешките за кои што ценам или пак кои се деловите на текстот на Законот за што сметам дека има празнини.

Доколку се анализираат, уште еднаш ќе повторам нема да застанам на одредбите за кои што веќе имам говорено или пак расправано било во првата или во втората фаза. Ќе говорам за празнините за кои што ценам дека не е кажано ништо во овие две фази.

Ќе почнам од членот 17, по кој што се предвидува можност за основање тн., централни полициски служби, служби што би вршеле работи на целата територија на Република Македонија. Ќе врешат определени полициски работи за што треба, како што се вели во тектсот на Законот, ќе треба висок сепен на специјализација или професионализација на полицајците. Се говори за централни полициски служби, но сепак во ниту еден дел од текстот или пак во овој член, во ниту еденстав не се нагласува, врз основа на кои критериуми или услови ќе се формираат овие полициски служби.

Членот 18, исто така говори за една друга форма на организирање на полицијата, како што се оддели за организиран криминал, чија улога ќе биде спречување и откривање на кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност или ексофицио.

Во овој контекст ќе додадам дека се говори за оддел што е именуван организиран криминал, меѓутоа, и тука не се утврдени критериумите, не се утврдени условите за формирање на овој оддел или овие оддели, како определени организациони форми.

Од оваа природа според мене е членот 19, во кој се говори за еден друг вид, или за друга форма на организирање на полицијата, како што се полициските единици. Во овој член се предвидува можноста за зачувување на јавниот ред и мир во определени случаи кога се средува јавниот ред и мир во големи размери, иако според мене лично не знам што се подразбира од поголем обем или пак заради спасување на луѓето и нивниот имот во текот на природни непогоди, или други несреќи, меѓу другото се формира и полициска единица за извршување на определени задачи, што ги кажав порано.

Во овој случај, според мене, постои определена нејаснотија. Нема да застанам на секторите за кои се зборуваше на долго и на широко без исклучок на пратениците кои што земаа збор,говорам за пратениците на ДУИ и ПДП, меѓутоа ќе застанам на еден друг член, на членот 22, каде се предвидува можноста секторите за внатрешни работи се раководат од определени лица кои што се именуваат како началници на овие сектори. Ги видов завршните одредби каде што се предвидува можноста од донесување на подзаконски акти од страна на Владата или министерот, меѓутоа, во ниту еден дел во овие завршни одредби кои што се предвидени во текстот на овој закон не видов дека од страна на Владата или министер ќе донесе некој подзаконски акт во кој ќе се определат правата и обврските или надлежностите на началникот. Овие одредби исто така не успеав да ги видам на кој начин ќе се уредат прашањата кои се поврзани со надлежноста на полициските станици, станици кои што се предвидени во членот 23 и се сметаат како полициски станици од општа надлежност.

Во членот 24 каде исто така се говори за раководители на полициски станици, како што се разни командири, како што се нарекуваат во секојдневната практика кои што ќе бидат со определени униформи, исто така и за овие раководни лица не знам како ќе се утврди нивната надлежност, доколку некој мисли со деловник или правилник, или пак со акт за систематизација ова ќе се уреди, јас ценам дека со подзаконски акти не е добро да се утврдат надлежностите, не само на раководните лица, туку на сите единици како определени форми на внатрешно организирање на полицијата, затоа што треба да ни биде јасно дека се говори за чувствително прашање чиј објект е заштитата и реализирањето на правата и слободите на граѓаните, без оглед на нивната етничка припадност. Значи дискутабилно е прашањето на заштитено право кое е предвидено во членот 24 во ставот 6.

Друго прашање кое што јас ценам дека постои законска празнина е членот 26 каде што исто така се говори за една друга форма на организирање на центрите, односно регионалните центри за гранични работи кои што центри исто така ќе бидат раководени од началникот. И во овој член како членот 27 каде се говори за формирање на полициски станици, кои што ќе се формираат, или кои што ќе се предвидат внатре во регионалните центри, станици кои што ќе можат да се формираат не само како полициски станици за обезбедување на државната граница, туку и како полициски станици за гранична контрола. Сепак, иако во оваа одредба во став 1 членот 27 е предвидено дека овие форми на организирање, како што се полициските станици за обезбедување на државната граница, меѓутоа и тие за гранична контрола ќе вршат своја надлежност со кое ќе ги спроведуваат правата и обврските во согласност со меѓународните стандарди за надзор над државната граница. Сепак, не е прецизирано или не се прецизирани овие надлежности, или права и обврски на овие форми на организирање. Има уште многу други одредби за кои што јас мислам, или за кои што јас ценам дека постојат законски празнини и кои што задолжително предлагачот требало да ги има предвид дека според објектот или според материјата треба да се уредени не само со подзаконски акти туку да бидат објективно уредувани со законски акти, како што се законите и во овој контекст, законот за полиција. Така како што нагласив уште на почетокот во некои одредби постојат одредени нејаснотии. Така на пример само ќе спомнам членот 61 во

еден став каде меѓу другото вели вака: “По обезбедување на наредбата за претрес став 6 на овој член, полицискиот службеник е овластен да употреби разумна сила, како крајно средство”. Потоа продолжува, да не ви одземам повеќе време. Значи употребува еден поим и терминологија која што според мене не му е местото тука. Се говори за поимот разумна сила, поим кој што нема правен карактер и е нејасен поим. Велам вака, затоа што навистина, за мене е несфатлив што навистина се подразбира под овој поим разумна сила, иако е дозволено преку овие зборови целиот став да стане нејасен. Така исто и со членот 83 и во врска со членовите 84 и 85.

Во членот 83 се говори за употреба на физичка сила, употреба на сила, која што според овој закон, или пак според оваа одредба се смета употреба на различни зафати. Што се подразбира под различни зафати. Значи можат да се подразберет боречки вештини или на нив слични постапки врз телото на друго лице, кои имаат за цел одбивање на напад, како што се нагласува, спречување на бекство на лице или совладување на отпорот и така натаму.

Сепак, во членот 48 во кој се говори за употреба на гумената палка, не станува дел од тоа, или пак не влегува во категорија на тоа што се предвидува во членот 83, или пак, кој што јас го цитирав претходно, и кој што е во однос на таканаречената употреба на физичка сила. Навистина не ми е јасно кои можат да бидат причините, употребата на гумената палка, да не станува дел тоа што се нарекува и употреба на физичка сила. Или пак во членот 85 кој што исто така го поврзувам со членот 83, каде што се говори за употреба на средства за врзување на лица, затоа што и во овој случај, значи во определени случаи од страна на полициските службеници е потребно да се употреби физичка сила. Мене не ми е јасно зошто и употребата на ваквите средства, значи, чија цел е врзување на лицата, зошто и тоа не се става во категоријата на тоа што се нарекува физичка сила, употреба на физичка сила. Така како што нагласив и на почетокот, значи постојат некои празнини или пак норми би рекол, кој што се употребуваат во текстот на овој Предлог-закон и за кој што ние цениме дека сме во директна противречност со нормите или уставните одредби, посебно со амандманите донесени во Уставот. Сепак, лично ќе поставам едно прашање, кое што прашање и го поставив во текот на дискусијата за првата фаза на овој закон, како ќе се направи операционализација на амандманот 5 од став 4 од Уставот на Република Македонија. Став кој што говори за комуницирањето на граѓаните со полициските органи. Во овој контекст сакам да нагласам дека постои празнина и во однос на употребата на овој амандман или пак операционализација на овој амандман. Ова го велам затоа што овој амандман кој што сега веќе е уставна норма, не уредува во целост прашања кој што се поврзани со комуницирањето на граѓаните и во овој конекст употребата на јазикот на граѓаните во однос на полицијата и над се тоа е неможно со еедна уставна норма да се конкретизираат во целост определени прашања, без оглед од која област доаѓаат. Не случајно се предвидени закони, предвидени се подзаконски акти, чија цел е конкретизација на тоа, или пак прашањата кои се предвидени со Уставот,или пак конкретизација на уставните норми. Тоа прашање сум го поставил и на некои јавни семинари и верувајте дека и моите колеги или пак професори од Правниот факултет во Скопје се согласиле со оваа теза, што значи со текстот на овој закон требало да се направи операционализација на овој амандман, значи амандманот 5. Посебно ќе нагласам ставот 4. Сепак, како и да е засновано, овие забелешки што ние ги кажавме во текот на расправата во однос на амандманите предложени од разни пратеници на разни парламентарни групи, меѓутоа и во однос на текстот на Предлог законот. Јас мислам дека навистина ова го кажувам со најголема искреност. Мислам дека требаше предлгачот да предложи целата оваа расправа да биде во форма или пак овие забелешки што ние сме ги дале да бидат не посветени на Предлог законот туку предлогот за донесување на закон. Значи прва фаза. И по завршувњето на расправата, ценам дека затоа што сега ќе завршам, предлагачот треба да седне и стенограмите да ги прегледа, и да ги прочита забелешките и да направи, нормално таму каде што е можно значи вклучување на забелешките, затоа што има причина и аргументи и во едно блиско време или пак кратко време да предложи втора фаза.

Мислам дека во оваа насока не треба овие прашања да ги земе со инает или тврдоглавост, затоа што заеднички интерес е предложениот предлог или пак во Република Македонија да имаме на крајот на краиштата и еден таков правен акт, кој што над се ја има својата тежина, не затоа што уредува едно чувствително прашање или област, туку над се затоа што за прв пат во Република Македонија како составен дел на правниот систем ќе имаме закон со едно такво именување, значи од една таква област. Сите знаеме дека закон за полиција досега не сме имале, значи во нашиот правен систем, еден таков закон, со такво именување немало и овие прашања биле уредени со Законот за внатрешни работи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има Анета Стефановска. Повелете. Три минути реплика.

**Анета Стефановска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Јас решив да се јавам за реплика на последниот дискутант, нашиот колега бидејќи од неговата дискусија се гледа само едно обично повторување, како што беше за секторите за бројот на населението и последните сите дискутанти што истото го повторуваа, обично

читање на членовите и нестручно толкување, без навреме да понудат решение за тоа кога имаше можност да поднесат амандмани за промена на законот. Јас мислам дека тие и самите лично да го правеа законот, сега ќе најдеа маана во тој текст, бидејќи јасна е нивната намера. Опструкција прават. Нивното демократско право, сакам да кажам дека го скратува нашето демократско право, и јас мислам дека е при крај нашето трпение да ги слушаме нивните повторувања, бидејќи нивните дискусии навистина се непродуктивни.

Јас, последниот дискутант ќе пробам да го цитирам. Вели: "Има законски празнини кои не се во скалд со Уставот и со уставните амандмани". Кои се тие уставни амандмани? Кој е тој текст што не е во склад со Уставот? Тој сам воопшто не кажа. И така паушално мислам и нестручно, не може тука да се дискутира, ова е законодавно-правен дом.

Овој Предлог-закон вели треба да се повлече. Тоа го кажуваат сите дискутанти, без некаква посебна причина. Увредливи упатени зборови на предлагачот. Предлагачот, продолжува вели со својата тврдоглавост. Не знам со кое право и кое е тоа нивно право што си го даваат, да може така да се произнесуваат тука во овој законодавно-правен дом.

И крајно, треба да знаеме дека клучното е следно. Ако законот од едно до последно регулира и внатре да го пишува и препишува и Уставот и сите други работи, тогаш зошто постојат подзаконските акти. Се знае дека законот ги содржи сите одредби, кои што треба да ги содржи еден закон. Јасно кажа предлагачот дека тука се вклучени стручни лица кои што го правеа, е усогласен со европските стандарди, и тој што мисли добро на нашата држава Република Македонија, ќе се сложи, ќе го гласа крајно овој закон, бидејќи ова е навистина голем чекор да се донесе првиот закон за полиција во нашата држава и тоа е еден од условите, кои што треба да се исполнат за влез во Европската Унија.

Заради сето ова јас апелирам да се вразумат пратениците од ДУИ и да престанат да ги скратуваат нашите демократски права. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има Јашари Аднан. Една минута реплика.

**Аднан Јашари:** Значи, за колешката вистина е дека идеален текст не постои, јас сум свесен на тоа прашање, меѓутоа, сепак, бидејќи на почетокот не сме кажале дека не сме поднеле амандмани, затоа што не се усогласуваме со концептот на текстот или концептот кој што е предложен со текстот на овој Предлог-закон. Овие заблешки сме ги кажале во првата фаза, кога ние бевме во позиција. Меѓутоа, дали има или нема определени правни празнини, или пак дали сум кажал или не сум кажал, аргументи. Ќе ви кажам два збора. Зошто вие не кажавте ништо за прашањата кој што јас ги поствив во однос на надлежностите на секторите или пак надлежностите на таканаречените командири, како што ги нарекувате. Зошто вие не давате одговор на прашањето кое што јас го поставувам неколку пати. Значи, како ќе се направи операционализација на употребата на јазикот, или пак на кој начин ќе се направи операционализација на амандманот 5 став 4. Ќе ве молам, дајте одговор и немој да се занимавате со прашања за кои што јас ценам дека не е добро да се занимавате. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господин Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Господине претседателе, колеги пратеници, дами и господа,

Мислам дека нема место ниту за нервоза, ниту за нетрпение, уште помалку кога ние уште од почетокот се определивме овој закон со наши аргументи да го објасниме, образложиме, дури и да го оспориме и да предложиме поодржливи решенија, како концептуални, така и нормативни и технички прашања кои ги содржат одредени членови од овој закон. Уште од почетокот го направивме тоа и за разлика од ставовите кои од порано сте ги слушнале дека не било добро да не бидеме во Парламентот, но би било добро во рамките на можностите што ги нуди Уставот, Законот и Деловникот, нашите аргументи да ги обелодениме и да ги кажеме овде пред вас, да се потрудиме да изградиме на овој начин еден подобар закон. Доколку доколку госпоѓата пратеник за некој друг кој практично е при крај на трпението и ова му се чини излишно, му се чини дека правиме нешто надвор од можностите што ни ги нуди Уставот и Деловникот, а не некоја одредена личност во ова Собрание, јас жалам и мислам дека не е добра порака. Значи ние сме тука, во една отворена дебата, во согласност со Деловникот да ги елаборираме прашањата и да се потрудиме да го направиме тоа што го кажавме на почетокот со наши аргументи, да се потрудиме да го убедиме предлагачот на законот и парламентарното мнозинство, бидејќи тие се една страна, а некој има директни ингеренции, создавајќи простор со повлекувањето на законот, како предлагач да ни овозможи уште еднаш да се преиспитаат неколку аспекти од тој закон и парламентарното мнозинство. Ако внимателно ги сослушало нашите забелешки и нашите сугестии, исто така, има право преку гласањето да направи нешто такво, потврдувајќи го фактот дека ова е парламентарна демократија и дека Парламентот има капацитет, има волја и ќе докаже дека е како што треба да биде, според Уставот и над Владата. Да бидеш влада не значи да бидеш непогрешлив, или не значи да бидеш идеален. Да гласаш една ваква варијанта, не значи дека ја оспоруваш поддршката на Владата, но, едноставно врз основа на аргументи создаваш простор и можност да го разгледаш тоа на

посодржински начин, во овој случај предлогот на закон што го имаме сега на разгледување, а во друг случај друг закон и т.н. Затоа мислам дека нема потреба од нервоза и нетрпение. Има потреба од едно разбирање, како што го направи и претседателот на Парламентот што, секако, мислам дека создаде простор за да го надминеме впечатокот што се наметна околу кршењето на Деловникот и создавање на одредена можност за расправа.

Јас ја користам можноста по однос на оваа предолга и аргументирана расправа, да им изразам благодарност. Тоа се преведувачите, по однос на една така да ја наречам, јазична расправа,со потреба од превод во континуитет, со разни стилови на говори од разни пратеници, некогаш и говорејќи побрзо отколку што може да се преведе, навистина се на една мака, па јас ја користам можноста во оваа прилика да ги поздравам и да им се заблагодарам, бидејќи не е толку лесна работа да го кажеш тоа што го говорат пратениците. Па затоа да не се случи и да не ги обвиниме, во стилот на старата латинска изрека ... Затоа мислам дека тие си ја вршат својата должност и заслужуваат и наши пофалби и разбирања. Затоа дозволете ми, јас инсистирајќи да говорам нешто што навистина не е во контекст на она што го говорев пред неколку дена, секогаш барајќи аргументи во некои членови, за да ја убедам госпоѓата министер да ретерира, бидејќи има простор за тоа.

Јас не му верувам на фактот дека госпоѓата министер и предлагачот, ќе остане толку одлучна за да брани нешто што не може да се брани, но аргументите говорат нешто друго, бидејќи и интересот на предлагачот, опфаќајќи ја и почитуваната госпоѓа, но и на мнозинството е навистина да се донесе еден закон кој ќе биде прифатлив за сите граѓани, тој да функционира и со силната имплементација да има поддршка од сите политички групи, како што се претендира, кога се мисли на широк политички и етнички консензус. Значи, нема ниту една причина да верувам дека толку упорно предлагачот ќе стои на решенијата дадени од друга личност и имајќи го предвид тоа, така да го наречам, мислење, или ова мое предвидување, засновано врз основа на одредени наши аргументи. Нас ни останува да веруваме дека има простор и ќе создадеме простор за есенцијални подобрувања на овој Предлог-закон.

Во однос на членовите и на тоа што е концептуално, нашите концептуални разлики и соодветните членови кои произлегуваат од овие концепти, ќе се потрудам повторно да ги аргументирам со тој седимент кој многу малку се засегна во текот на овие денови расправа и што ги аргументира нашите тези и причината зошто ние велиме дека имаме концептуални разлики. За госпоѓата пратеник и за тие кои можеби се изненадени или не очекувале една долга расправа од наша страна, дозволете ми да кажам дека тоа е поради фактот што оваа расправа вака концептирана, или овие аргументи толку често кажувани и на овој начин презентирани, се такви, бидејќи не се подготвени само за оваа седница, од моментот кога се утврди оваа седница, туку се аргументи кои ние сме ги имале и ги користевме силно и во времето кога бевме во Владата. Од овде произлегува фактот за нашата одлучност и нашето аргументирање на тези, бидејќи ние не ги изменивме ниту нашите ставови, паралелно со овој закон и затоа ни беше лесно и се уште ни е лесно да расправаме и натаму, бидејќи овие расправи, еве година и пол се влечат во Владата. Доколку ние се согласевме со ова решение, со овој Предлог-закон, тоа сме го кажале неколку пати, па дозволете ми да го повторам и да кажам дека овој закон и од политички и од етнички аспект уште одамна ќе беше донесен, бидејќи требаше само една политичка согласност од наша страна како ДУИ, во тогашната влада и се ќе беше во ред и ќе поминеше дури и со тогашниот Бадинтер и ќе беше сочуван принципот на двојно гласање на овој закон и немаше да се случи ова чудо што ни се одзема правото да го донесеме овој закон со Бадинтер. Можеби ни го одзема правото, но не верувам и понатаму дека овој закон или овие видови од овој закон да се носат без двојно гласање, што е една ненадоместлива загуба зошто одговорноста ние не ја носиме, членовите на оваа парламентарна група. Затоа, дами и господа, нашето аргументирање се заснова на факти, долго употребувани и елаборирани кои не се поддржаа, имено, тоа беа причините што не се поддржа овој закон уште во времето кога бевме во Владата.

Тоа што концептуално ни претставува бариери да не можеме да го прифатиме како концепт овој закон, беа елементите и недореченостите по однос на правичната и соодветна застапеност во полицијата. Оневозможувајќи го ова, не само со структурата, туку и со отстранувањето од местата каде Албанците се мнозинство.

Да не мислите дека ќе ја злоупотребам говорницата или ќе го повторам тоа што сум го рекол или што го кажале и другите, ќе земам и еден дополнителен сегмент за да ја аргументирам оваа теза, а ова е сегментот во однос на резервниот дел на полицијата која сега, верувам, не е елабориран колку што треба, не е употребен како еден аргумент за да ја докажеме тезата дека само таму каде што е декларативна поткрепата за утврдувањето на политиката во функцијата на правичната и соодветна застапеност, со една реченица, како што стои во еден дел од овој закон, додека во сите други елементи законот претендира со одредба да ги одбегне обврските кои произлегуваат од овој уставен принцип и од практичната потреба да гарантираме една полиција која по состав ќе биде во функција на мирот, стабилноста и взаемната доверба меѓу заедниците. Овде се аргументира тезата која , поради несоодветната распределба на секторите, шефовите имајќи ги клучните одговорности и во

целост се ингеренциите на министерот, на тој кој не сноси одговорност, што беше интенцијата на Охридскиот договор. Второ, со бројот на полициските станици од општа надлежност, што не се демантираше од никој, ниту од некои пратеници од позицијата. Се кажа дека во неколку општини, во согласност со населението имаме едно непропорцинално покривање на населението по број на жители и број на полициски станици, што верувајте ми, не е направено само поради едноставни и случајни причини, бидејќи доколку беше случајно, дозволете ми да кажам дека многу демократски ќе изгледаше и добредојдено ќе беше неприсуството на полициските сили. Значи, што помалку полициски станици, што помалку сектори, што помалку полицајци во едно подрачје и во една држава, тоа говори за повисокото ниво на демократизацијата на една земја. Кога тоа ќе биде индикатор на демократизацијата на оваа земја, ние ќе го поздравевме фактот дека многу помалку ќе има полицајци во Западна Македонија, а многу повеќе ќе имаше во Источна Македонија, како што рече познатиот Виктор Иго, кога бил министер за образование во Франција -"Дајте ми да отворам многу училишта за да ги затвориме затворите и полициските станици". Доколку ова начело важеше и сега, секако дека ќе беше за поздравување, доколку се водевме од лајв-мотивот на Виктор Иго. Но, бидејќи нашата пракса и тоа што ние го имаме како искуство, го кажува спротивното дека оваа распределба, освен секторите што ги кажавме, што е отстранување на надлежностите на Албанците и во однос на полициските станици, е направено со цел да се дојде до разни математики. Значи, утре, имајќи во Тетово, за 200-300 илјади жители само две полициски станици, а знаејќи ги стандардите колку полицајци и требаат на една полициска станица и колку ќе требаат полицајци во другите полициски станици каде има помал број на жители, многу лесно ќе дојдеме до еден резултат што ќе даде една општа диспропорција на полициските органи, паралелно со бројот на жителите. Значи на еден мајсторски и софистициран начин, но сега и транспарентен поради тоа што овозможи оваа расправа, се тоа да биде транспарентно. Значи целта и за бројот на распределбата на полициските станици е во функција на намалувањето на бројот на Албанците во полицијата, аргументирајќи го тоа дека Албанците не одат, на пример во Овче Поле, нема да одат во Штип. Навистина нема да одат и нема потреба да одат таму, но толку колку што треба, да има во Тетово, Гостивар, Струга. Тој број секогаш поради малиот број на полициски станици ќе биде толку мал што нема да го исполни критериумот за да дојдеме до бројот кој ќе биде на нивото на цела Македонија. Тоа е тоа што ние кога велиме имаме концептуални разлики околу законот, бидејќи пристапот по концептот е заснован врз застарени стереотипи кои, некогаш кога се говори за полицијата, ние сакаме да ги повикаме, посебно структурите кои го поддржуваат овој закон, врз основа на овие стереотипи и логики да продолжиме да управуваме и натаму со овие деликатни сектори кои се од интерес на сите граѓани. Истото, доколку кажеме дека со ова се постигнува тоа што го кажавме, едно пропорционално намалување, или еден пристап кој оди во штета на Албанците, намалувајќи го бројот на полициските станици, за истото на многу подрастичен начин ќе дојдеме до деликатни моменти, предвидени со членот 125, таму каде се вели дека - кога може министерот, врз основа на предлогот на шефот на Бирото, да предложи резервен дел на полицијата. Тогаш, во по деликатни ситуации каде, на крајот на краиштата се мери и така да го наречам општиот демократски аспект на полицијата, што ќе биде како бранител на редот. Тие деликатни состојби, предвидени во член 125, во време на некој воен конфликт, или вооружен, или конфликт кој го загрозува уставниот поредок и безбедноста во Република Македонија, кога е прогласена елементарна непогода,или епидемија, други непогоди или несреќи кои го попречуваат нормалниот тек на животот и ја загрозуваат безбедноста на граѓаните и нивниот имот, кога се нарушува јавниот ред и мир во поголем обем и кога тоа го бараат потребите од дополнително обезбедување на државната граница. Тоа се моменти кога се става во проба и активноста на полицијата, бидејќи овде се вели - полицијата има право да го повика резервниот состав. Кога се повикува оваа резервна структура, почитувани дами и господа, никаде не е предвидено и оваа структура да биде врз основа на принципот на соодветна и правична застапеност. Значи, не се бара и нема одредба која вели, се обврзува министерот или шефот на Бирото во местата каде има население, или со процент каков што ќе биде и резервниот состав да биде во согласност со правичната и соодветна застапеност, бидејќи ова ќе имплицира еден дисбаланс, урегентен дисбаланс на бројот на полициската структура која , на пример во Гостивар би била 60 со 40 или 70 со 30, како што е сега во корист на Македонците и овој позитивем пристап за иградба на полициската структура ќе оди во потребна насока и да дојдеме до една структура 60 со 40, 55 со 40. Значи треба да биде соодветна, а не стриктна. И во еден момент кога ќе се тестира, кога ќе се прави стрес-тестот на реакцијата на полицијата, тогаш кога ќе имаме една нарушена состојба или ургентна состојба веднаш ќе се повикаат 1000 – 2000 полицајци од друго место, бидејќи тој во тие моменти нема обврска таа резервна структура да ја повика, врз основа на правичната и соодветна застапеност. Веднаш, во најделикатните моменти имаме еден дисбаланс на тие кои ќе реагираат на теренот. Вака се создава една неповолна средина. Значи населението се доведува во ситуација да ја изгуби довербата и да не комуницира на тој начин со полициските структури, увидуваајќи дека таа

структура со својот состав не го одразува бројот на населението, што е едно начело за взаемна доверба, а што сме го подржале и ги фалиме мултиетничките полициски структури. Поврзувајќи го тоа со член 19, почитувани дами и господа, ја имате можноста Бирото да формира полициски единици, а имајќи го предвид фактот дека резервниот полицаец кога се ангажира на должност ги има целосно сите права што ги има редовниот полицаец.

Поврзувајки ги овие со членот 19 каде еден шеф на биро има одредени должности, можете да замислите што може да биде дел на дискреционото право не на министерот, туку на началникот на бирото, бидејки ако беше на министерот би било добро, иако е нејасно, но би било помало зло бидејки министерот и покрај тоа има политичка контрола и е човек кој доаѓа за интерпелација за да разговара со нас. Ние можеме да ги покренеме прашањата од ова дискреционо право за да се мобилизира една одредена структура за одредени моменти. Право е на директорот на бирото кој не е дел на структурата каде има јавна транспарентност како што е Парламентот. Затоа мислам дека и резервниот дел на полицијата на еден начин е доминантна во еден дух и концепт кој само ја докажува нашата теза дека законот има потреба од едно подобрување на оваа логика од овој аспект и дека како таков вреди, бидејки овие аргументи не верувам дека некој може лесно да ги демантира, доколку може, нека повели и нека ги демантира. Наша цел не е да го блокираме носењето на овој закон уште помалку да го блокираме чекорењето на Македонија кон Европската унија, туку имаме за цел да донесеме закон кој во себе ќе има инструменти, или доволна законска безбедност да не се злоупотреби и да биде во функција на сите граѓани и на тоа што е и наша определба. Затоа мислам дека овие наши расправи и дискусии како што гледате не се само повторувања, или вртење на тези како што се презентира од ваша страна, туку произлегуваат од нашата потреба до крај да се потрудиме и да ги презентираме пред вас нашите максимални аргументи кои не ја засегаат само меѓуетничката димензија, туку и други димензии, но посебно таа меѓуетничката димензија, бидејќи има недоречености и аспекти кои фактички утре можеме да констатираме дека се направи ова бидејки беше грешка во законот, или го направи директорот на бирото, или шефот, или тоа му го овозможува законот и министерот може да му каже: Парламентот го донесе тој закон и бидејки го донел Парламентот, една таква структура, нема да го консултира ниту министерот. Тој може да го разреши, но тој го има тоа право во одредени моменти да направи таков чин. И знаејки го нашето искуство не сакаме да ни се случат такви работи, да се убие човек до полициската станица и никој да не знае како се случило тоа и за тоа да се повикаме на законот, бидејки тоа не требало да го знае ниту началникот во Струга, Охрид, или министерот. И не можеме да имаме случај кога има аргументи, некој е киднапиран во полициска униформа и за тоа никој не сноси одговорност, бидејки сега со закон ја даваме можноста на пониските структури, тие кои можат да се контролираат од граѓансиките структури ќе можат да ги остварат тие права, бидејки има законска основа, бидејки законот му го овозможува правото, тоа како дискреционо право на еден директор на бирото утре може да го оствари законот како што е предложен и министерот да не го консултира за тоа, а камоли Парламентот, или премиерот.

Почитувани дами и господа, почитувана госпоѓа министер, мислам дека нашите аргументи се силни, дека законот кој сте го предложиле не е идеален, туку има многу недоречености кои навистина утре како такви ќе бидат врз грбот на граѓаните. И ние сме сите граѓани во едно, или друго време освен тоа дека сме денеска во овој Парламент и мислам дека има простор за разбирање. Како што гледате нашите цели и нашите интенции се позитивни и се во правец на тоа за да го подобриме овој закон, за да создадеме една структура со елементи на демократски процедури во одлучувањето и извршната власт, бидејќи ние не можеме да претендираме да имаме демократска полиција, бидејки полицијата е полиција, туку да имаме демократски процедури и принципи врз кои се заснова чек ен баланс системот кој секогаш е тој кој го води и прогресот во демократските системи. Затоа еден ваков пристап и едно подобрување и на овој елемент кога се говори за резервната структура на полицијата, со оваа цел како што реков да не се дојде во искушение и да не потфрли таа полиција толку озборувана како мултиетничка изградена во тој број кој го има редовниот систем во еден даден момент од резервниот систем кој нема никаква обврска да ги исполнува обврските кои произлегуваат од Уставот за правична и соодветна застапеност, да го стави на последно место овој успех на секоја наша влада, ваша, или на сите граѓани на Република Македонија. Значи, имаме одржливи аргументи, силни аргументи. Мислам дека пред се одредени пратеници од позицијата ова го знаат, бидејки не е вистина. Некои пратеници имаат право тоа да го кажат. Јас немам намера да им го оспорам тоа право, да кажат дека наводно ова било за една, или друга цел. Но, постарите пратеници и пратениците кои имаат искуство знаат дека овие забелешки се одржливи, дека има солиден простор да се подобри овој Предлог закон и сите заедно да имаме закон кој навистина ќе можеме да го подржиме сите во неговата примена, во неговата имплементација. Во секојдневието би бил не само еден позитивен чекор кон подобрување на работите во полицијата како што се вели во од. Ова не е некоја меѓународна подршка дека сте добиле виза од меѓународниот фактор. Но, тие оцениле, вие знаете дека тоа е еден чекор напред, но

недоволен и не е тој чекор кој ја исполнува потребната празнина на еден ваков закон во една демократска држава. И затоа ценам дека сите заедно можеме да донесеме еден подобар и поприфатлив закон и многу пофункционален и подржан од сите нас.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика три минути Ружа Ѓорѓеска.

**Ѓорѓеска Ружа:** Благодарам. Почитуван претседателе, почитувана министерке, почитувани колеги пратеници. Изненадена сум од екс министерот за образование во тенденцијата само да се зборува употреби една компарација со полиција и училишта. И ме зачудува каква врска има тоа со законот за полиција. А самото тоа ја потврдува тезата да се дискутира и да се употребува игра на зборови кои немаат никаква врска со законот. Навистина треба да им честитаме за нивната елоквенција. Но,м верувајте ќе ве ислушаме, бидејки го имате тоа демократско право да се изјасните што мислите. Меѓутоа, нависитна вешто ги извртувате тезите од законот за полиција, па да дојдете до меѓуетничките односи. Меѓутоа, едно треба да се знае, дека токму онаму каде што претежно живеат албанци, дека на раководните структури се поставени кадри албанци. Ако вас ве боли тоа што се сменети вашите кадри, а поставени се кадри од други политички партии, тоа е сосема друга работа. Меѓутоа, нема никаква врска со законот за полиција. Затоа навистина овие ваши извртени тези кои што овде неколку дена ни ги кажувате само за да се зборува, верувајте дека ќе ве дослушаме. Меѓутоа, да знаете дека воопшто и за јавноста многу добро и таа го знае, бидејки доаѓам од една таква мултиетничка средина и имам комуникација и со македонци и со албанци. И самите албанци знаат дека тоа ви е игра на зборови, а не нешто суштинско што сакате да промените во законот за полиција.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика една минута господинот Положани.

**Азиз Положани:** Прво мислам дека лошо е што вие се повикувате да ги претставувате албанските гласачи. Тука сме избрани ние за таа работа и ние ќе зборуваме во нивно име.

Второ, ќе ви кажам дека, напротив со сите аргументи кои што стојат и кои што ги аргументираат моите тези тешко е да се справите. И за да ниту вие, ниту ние, ниту било кој не именува веќе полициски службеници. Затоа бараме законот да биде поефикасен и во функција на компетентност и на деполитизација. И затоа е целата оваа дискусија. Велам дека идеата ни е друга.

За училиштата не м ожам да помогнам многу. Прочитајте го Виктор Иго, па ќе го сватите.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа беше цитат на Виктор Иго.

Реплика три минути Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Ви благодарам претседателе. Навистина е многу интересно што законот за полиција се користи да се отворат и други теми за кои мислам дека времето е изминато, дека претставува минато и историја на оваа држава и дека отварањето на тие теми е контрапродуктивно и сега и во било која иднина на оваа зема. Ние сме избраници на народот и ќе го претставуваме народот. За мене народ на Република Македонија се и Македонците и Албанците и Србите и Турците и да не ги набројувам сите за да не се најде некој засегнат, значи сите оние што живеат во Република Македонија.

Господине Положани, јас имам пријател Албанец од детството кој гласаше за мене.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика една минута господинот Положани.

**Азиз Положани:** Мене ми е мило што вие имате пријател Албанец. Јас имам пријатели македонци и тоа ми претставува чест и се гордеам. Но, тоа не значи дека претставуваме политички опции врз база на пријателство. Тука ние имаме програма и сме во служба на граѓаните. И тоа што го правам, јас го правам и за тие што ме избрале, но и за граѓаните на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика три минути господинот Зоран Витанов.

**Зоран Витанов:** Благодарам претседателе. Штотуку слушнавме една многу опасна изјава на господинот Положани, дека ние не треба да се грижиме за албанците, има кој да се грижи за албанците и т.н. Јас апелирам до сите пратеници да внимаваме што зборуваме. Овој Парламент ги застапува интересите на граѓаните на Република Македонија, па макар имало и Еским по националност во Република Македонија. Особено ме згрозува изјавата од деклариран социјалдемократ каков што се прикажува господинот Положани. Бидејки сите ние знаеме дека кога ја формираа нивната партија ДУИ, Али Ахмети јавно и гласно кажа дека тие ќе имаат социјалдемократска провиниенција и дека затоа ќе формираат и кружоци доколку можат и во Кочани и во Росоман и незнам каде. Јас сум исто така господине Положани, припадник на класична граѓанска опција Социјалистичка партија во која што можат да бидат членови и црнци и белци и кинези и роми и албанци и турци и се членови албанци во мојата партија. Јас не ги застапувам интересите на македонците, членувајки во Социјалистичка партија, туку интересите на сите граѓани во Република Македонија од провиниенција и опција на која што и припаѓам.

Апелирам до сите пратеници во Парламентот да внимаваме на формулациите и да обрнеме внимание дека живееме во граѓанско, а не во национално, уште помалку во бинационално општество. Република Македонија е граѓанска унитарна држава со граѓанско општество. И многу е опасно, ако сте биле министер за образование,

делејќи го народот по припадност, а најопасно е ако сте го делеле народот по етничка припадност.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господинот Азиз Положани.

**Азиз Положани:** Сепак, имаме една разлика. Не сум во Социјалистичка партија, тоа е најбитно. А што сум, тоа ние го знаеме подобро, а не вие. Од друга страна народот не го делам јас. Македонија е мултиетничка држава и тие се такви какви што се. И никој не е крив така како што е, туку тоа е една реалност која што сите треба да ја почитуваме. А јас неоспорувам никој да ги претставува граѓаните, но не да ги одбие тезите во име на тој народ, или во име на тие граѓани, тези кои што се во полза на истите граѓани. Така што, секој може да се изразува како што сака и да ги брани ставовите. Но, не да се злоупотребува тоа што мислам дека се обидуваа тука, преку комшилук да се докаже дека таквите тези не биле во интерес на албанскиот народ. Дозволете и ние да зборуваме во име на албанскиот народ, а не само вие. Како вие сте зборувале и како сте ги бранеле, знаат албанците. Ви благодарам за тоа како сте ги бранеле досега.

**Љубиша Георгиевски:** Сметам дека е добро овде да ја прекинеме денешната седница.

Ќе продолжиме утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 17,15 часот)